МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ-СВЕТИ НИКОЛЕ

ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ТЕМА

ДОКАЗИ И ФАЗАТА НА ДОКАЖУВАЊЕ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

Катица Нацева

Бр.на индекс:207007

Насока:Казнено право

Ментор:

Проф.Д-р Васко Стамевски

Содржина

Апстракт 3
Вовед 5
Главен дел 6
Основни доказни принципи 6
1.Поим за докажувањето 6
2.Доказни теории 7
2.1. Теорија на легални докази 7
2.2. Теорија на слободна оцена на доказите 8
3.Поим за доказ 8
4.Видови докази и допуштеност 10
5.Доказен основ 12
6.Сведоци 14
6.1Усмени сведоци 16
6.2 Постапка за испитување на сведок 19
6.3 Директно испитување 20
6.4 Вкрстено испитување 21
6.5 Дополнително испитување 23
6.7 Испитување на обвинетиот 24
7. Заштита на сведоци 25
7.1 Заштитениот сведок во македонското казнено право 26
7.2 Испитување на заштитен сведок 27
8.Соработници на правдата 29
(сообвинети) 29
9.Вештак 29
10.Увид и реконструкција 36
11.Материјални докази 38
12.Снимка и електронски доказ 39
Истражување 40
13.Статистичко правен преглед на бројот на кривични пријави, обвинението и пресуди во совладување на криминалитетот 40
14.Правна анализа на постапувањето на правосудните институции за решање на предмети од судска надлежност 58

15.Доказите и нивната вредност во докажувањето на вина кај обвинетиот во текот на судска постапка.....70
Заклучок.....102
Користена литература.....103

Апстракт

Извршувањето на кривичните дела од страна на сторителите не може да помине без казнување. Меѓутоа, за да дојде до изведување на обвинетото лице пред суд, потребно е да се спроведе сеопфатна истражна постапка од страна на надлежен јавен обвинител. При спроведувањето на истражната постапка, јавниот обвинител при собирањето на доказите е должен да ги собира доказите и оние кои одат кон прилог на осомниченото лице. Докажувањето на главната расправа претставува можност странките во постапката да го претстават и приложат на судот, сето она што го собирале во текот на истрагата и под еднакви правила и услови. На главната расправа се изведуваат сите оние докази за кои се запознаени странките во текот на истрагата, односно да имаме еднаквост на оружјата во текот на постапката.

Клучни зборови:*докази, главна расправа, судија, обвинет*

Вовед

Главна есенцијална цел на секоја кривична постапка е утврдување на вистината односно треба да служи на целите на материјалното казнено право преку ефективна примена на тоа право. Неспорно е дека правото има сопствени концепти за вистинита и правичноста. Со други зборови судовите продуцираат нешто што ние сме подготвени да го прифатиме како вистина. Ваквите становишта што изразуваат значителен скептицизам спрема можноста да се утврди објективната вистина до неодамна не беа карактеристични за континенталната теорија, каде што напротив се поаѓа од верувањето дека судот може да ја утврди објективната вистина. Со водењето на кривичната постапка како во текот на истражната постапка а потоа и во текот на судската постапка треба да се примени казненото право за да се утврди дали обвинетиот е виновен или невин. Со измена на Законот на кривична постапка во 2010 година собирањето и предлагањето на доказите е исклучиво на странките во постапката додека судот не ќи собира доказите по службена должност. Самиот судечки судија одлучува кој од предложените докази ќе ги прифати да бидат изведени како такви а кој ќе ги одбиеа воедно. Доказната вредност на секој доказ поединечно кон утврдување на вистината одлучува и ја дава судијата. Како докази во постапката може да бидат исказот на обвинетиот, сведоците, вештиот наод и мислење, материјалните докази како увидот и реконструкцијата. Кон изведување на сите овие докази треба да се внимава да не се повреди начелото на пресумпција на невисност.Вообичаеното правило е тоа дека обвинетиот во кривичната постапка се смета за невин се додека не се докаже дека е виновен. Должност на обвинителството да ја докаже вистиноста на случајот со воспоставување на двата кривични стандарди, actus reus и mens rea.Обвинителството треба прво да го задоволи товарот на докажувањето за да покаже дека неговите тврдења се поддржани со закон, ако не може да го задоволи овој товар на докажување, одбраната може да се повика на тоа дека нема случај за одвивање на кривична постапка, а судијата во никој случај не може да одлучи, помалку да донесе некакво решение или пресуда ако во текот на судската постапка не се докажала вината на обвинетиот со легални докази, надвор од секое разумно соменување.

Главен дел

Основни доказни принципи

1.Поим за докажувањето

Докажувањето ги опфаќа дејствијата кои странките ги превземаат пред судот со цел да ги презентираат сопствените докази односно да ги оспорат доказите на спротивната странка. Докажувањето ги опфаќа доказите кои ја потврдуваат или оспоруваат вистинитоста на релеватните факти врз основа на кои судот ќе формира свое убедување и во зависност од нивната доказна вредност и релевантност ќе донесе одлука за вината, степенот на кривична одговорност и кривичната санкција односно мерка. Согласно начелото на објективност кое е утврдено во чл.16 од ЗКП, судот и државните органи се должни со еднакво внимание да ги испитаат и да ги утврдуваат како фактите што го товарат обвинетиот, така и оние што му одат во прилог.

За да се оствари целта на кривичната постапка, потребно е да се утврди дали навистина е сторено кривично дело, кој е неговиот сторител и дали врз него може да се примени санкција. Во секоја кривична постапка најважно е правилно утврдувањето на фактичката состојба. Пресудата се донесува само врз основа на фактите и доказите што се изнесени на главната расправа, а самото пресудување значи примена на материјалниот кривичен законик врз еден конкретен кривичен предмет. На правилното утврдување на фактичката состојба се надоврзува и примената на одредбите на материјалното кривично право односно која правна норма треба да биде применета врз утврдената фактичка состојба, што претставува многу важна и одговорна функција на судот. Главната расправа како главен стадиум на кривичната постапка, само странките во постапката се овластени да поднесат листа на докази кои предлагаат да бидат изведени на главната расправа.[1] Ова можат да го направат по сопствена оцена од доставувањето на обвинението, но најдоцна до започнувањето на главната расправа. Судот нема доказна иницијатива, но одлучува кои од предложените докази ќе бидат изведени на главната

[1]Калајџиев/Раичевиќ-Вучкова/Димитровски/Витанов/Трајановска, Преуредување на главниот претрес во Република Македонија, оп.цит.

расправа, од каде може да видиме дека овластени субјекти за предлагање и изведување на докази се странките.

2.Доказни теории

Во историјата се познаваат две теории на оцена на доказите – теоријата на легални докази и теоријата на слободна оцена на доказите. Секоја од овие две теории биле извор на одредени социјални, економски и политички услови, и нивното изразување во кривичната постапка.

2.1. Теорија на легални докази

Оваа теорија била спроведувана во инквизиторна постапка, а во некои места се спроведувала дури и до крајот на 19-тиот век. Според оваа теорија, по повод на оценување на доказите за потврдување на вистиноста на спорните факти за случај во кривичната постапка, судот е должен да на секој доказ ја прифати таа вредност која што претходно на доказот му била овозможена од страна на законот.[2] Потпирајќи се на оваа теорија, судот не суди според негово слободно уверување, туку суди врз основа на директните докази вредноста на кои била доделена од самиот законодавец.

Затоа што законодавецот ги оценувал доказите давајќи им одредена вредност на сите поединечно, на судот во постапката не му останало ништо друго освен да ги подреди тие докази според нивната вредност и врз основа на тоа да донесе одлука за случајот.

Теоријата на легални докази се состои од две варијанти - легално позитивна теорија и легално негативна теорија.

Според позитивната варијанта на оваа теорија судот е должен да земе како утврден еден правен факт само во случај ако се исполнети предвидените законски услови (ако имакомплетни докази) и врз основа на овие да изрече обвинителна пресуда независно од неговото внатрешно убедување што можеби го има за конкретниот случај.

[2]Антигона Аџиљи, Товарот и стандардите на докажувањето според новиот ЗКП,Скопје,Октомври 2016 стр.10

Според негативната варијанта на оваа теорија судот не можел да земе дека определен факт е докажан. Поинаку кажано, негативната законска теорија во суштина на судијата, без оглед на неговото уверување му забранува да земе одредени факти како докажани ако не се собрани одреден вид и одреден број на докази. Меѓутоа, тогаш кога постои одредениот број и квалитет на докази, судијатапо слободна оцена одлучува дали одредени факти се или не се докажани. Како што може да се забележи, легално негативната теорија не ја исклучуваше слободната оцена на докази, но му забрануваше на судот да изрече обвинителна пресуда без постоење на конкретни законски докази.

2.2. Теорија на слободна оцена на доказите

Теоријата на слободна оцена на доказите според слободното уверувањето на судијата произлегува од акузаторниот тип на кривичната постапка. Во инквизиторниот тип на постапката спаѓа легалната теорија за оцена на доказите. Со напуштање на овој тип и преминување на мешовит тип на кривична постапка повторно се преминува на теоријата на слободна оцена на доказите.[3]

Теоријата на слободна оцена на доказите (теорија на внатрешно/слободно уверување на судијата) според концептот и нејзиното уредување е спротивна со легалната теорија за оцена на доказите. Оваа теорија се основа на принципот на материјалната вистина според кој принцип судот не е обврзан со никакви формални правила за тоа дали да смета некој доказ како вистинит или не.

3.Поим за доказ

Доказ во материјална смисла е секоја основа или причина која зборува за вистинитоста на определен факт.[4] Во текот на изведувањето на доказите од страна на странките, судот треба да стекне убедување дека фактите се вистинити, при што заклучокот за извесноста на определен факт кој треба да се докаже судот го изведува врз основа на други факти кои се веќе докажани или се во врска со предметот на докажување.

[3]Проф. Д-р Зоран Сулејманов, Кривично Процесно Право, Скопје, 2002.
[4]Докази и приговори:Домашни и меѓународни стандарди, Скопје 2016, стр.11.

Доказот содржи два елемента:

- Доказна основа (probatio, argumentum)- претходно утврден факт врз чија основа се заклучува за вистинитоста на друг факт што е предмет на докажувањето, и
- Доказни средства (media probandi, instrumentum)- извори од кои во текот на кривичната постапка се добиваат податоци, односно се дознаваат факти кои прераснуваат во доказна основа за други важни факти, а судот го формира своето уверување за нивната вистинитост. Доказните средства се облици во кои се појавува доказната основа и нивниот број е ограничен во секој кривичен случај.

Законот за кривична постапка содржи одредби кои се однесуваат на изведувањето на докази со одделни доказни средства како и одредби за забрана на користење на одделни доказни средства или методи за добивање докази кои се спротивни на правниот поредок, на процесните принципи и на општествената етика. Во доказни средства спаѓаат сведоците, вештаците, увидот и реконструкцијата, испитување на обвинетиот, снимките и електронските докази како и матријалните докази. Во текот на главната расправа фактите може да се утврдуваат со секо доказно средство што странките ќе го оценат како подобно.[5]Од правилото дека фактите може да се докажуваат со кое било дозволено доказно средство, во ЗКП постојат неколку исклучоци кога за утврдување на определени факти се бара употреба на точно определено доказно средство, па така на пример, само со правосилна прсуда за кривична одговрност на определени лица се докажуваат дека правосилна пресуда била заснована врз лажна исправа, визуелно-тонска снимка или врз лажен исказ на сведок, вештакот, толкувачот или преведувачот, или поради сторено кривично дело на судијата или на судијата-поротник или на лице кое ги вршело истражните дејствија.

[5]Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година, стр.125.

4.Видови докази и допуштеност

Доказните средства може да бидат во најразлична форма и облици. Основни видови доказни средства се:

1.Документирани докази

- Слики
- Дијаграми
- Писмени изјави
- Документи

2.Сведочења

- ✓ Усни сведочења (сведоци/вештаци)
- ✓ Писмени искази (сведоци/вештаци)

3.Демонстративни докази

- ❖ Експерименти
- ❖ Реконструкции
- ❖ Симулации
- ❖ Компјутерски докази
- ❖ Илустративни докази

4.Фактички докази

Директни (непосредни) докази.

Директните докази се јасни докази за фактите. За нив не е потребно дополнително да се докажува нивното постоење. Така е кога сведокот сведочи за работа за која тврди дека има лично познавање како резултат на искуство или како очевидец на настан. Директните докази може да се состојат од сведочење на сведок кој слушнал зборови или набљудувал дејствија кој се однесуваат на некое прашање што е предмет на расправа. На пример, сведокот сведочи дека го видел X како го удира Y.

Посредни (индиректни) докази

Посредните докази, уште познати и како индиректни докази, се докази за околностите на случајот од кои може да се извлече некој факт. На пример, Х сведочи дека кога излегол од својата куќа забележал дека улиците се влажни. Ова е индиректен доказ дека можеби врнело додека Х бил внатре во куќата. Така може да има и друго објаснување, на пример дека улиците биле влажни затоа што биле чистени.

Посредните докази не се помалку важни од директните докази, но зависи од јачината на посредниот доказ, другите релевантни докази и постоењето или непостоењето на други можни објаснувања. Судот не треба да извлекува заклучоци врз основа на претпоставки. Иако вината на обвинетиот може да зависи од конкретен факт кој се докажува како комбинација на посредни доказим таквиот заклучок мора да биде единствениот разумен заклучок. Иако доказите за повеќе различни околности кои во комбинација може да посочуваат на постоење на некој факт од кој зависи вината на обвинетиот бидејќи обично постојат во таква комбинација само поради постоењто на тој факт, таквиот заклучок мора да биде единствениот разумен заклучок. Бранителот треба да го земе во предвид ова како важен фактор при прибирањето докази, фактор кој ќе стане особено релевантен при заклучокот за предметот кога ќ дојде време да се рсправа за фактите во завршниот збор, познато како сумирање. При евидентирањето односно документирањето за евентуално вложување жалба против заклучок со кој се утврдува постоење факт од кој зависи вината на обвинетиот, бранителот треба да има во предвид дека прашањето на апелациониот суд ќе биде: дали било разумно судијата да ги искучи или да ги игнорира другите размислувања кои водат кон закличок дека тој елемент на кривичното дело не бил докажан. Па така, што се однесува до наѓањето на заклучоците до кои би дошло обвинителството преку посредни докази, истрагата на одбраната би требало да се фокусира на докази кои би помогнале во изнаоѓање алтернативни, прифатливи, објаснувања наспроти оние понудени од обвинителството. Ова не значи дека одбраната треба да го преземе товорот на докажување.

Докази за позадина на случајот

Доказите за позадината на случајот може да бидат од помош на судот во определувањето на контекстот во кој се случил настанот. Обично ова не се оспорува но не секогаш. Се зависи од околностите и од причината поради кои се бара прифаќање на овие докази.

5.Доказен основ

Пред доказното средство- во форма на сведочење, предмет, документ итн- да се изведе и да може да се употреби при утврдување на факт ваќен за исходот на случајот, се презентира доказен основ. Овој прелиминарен доказ е неопходен за да покаже дека доказот е автентичен, веродостоен (точен, витинит) и релевантен.[6] Видот на т.н прелиминарени докази потребни за да се заснова правилен доказен основ зависи од формата и од видот на понудениот доказ. Доколку не постои валиден доказен основ може да се вложи приговор.

Доказите се допуштени кога се:

- ✓ ***Релевантни***- докази кои постоењето на некој факт или последица го прават повеќе или помалку веројатно отколку без тие докази.
- ✓ ***Автентични***- прашањето или предметот се токму онакви какви што се тврди дека се. На пример: ножот, пиштолот, видеото итн.
- ✓ ***Веродостојни***- доказот е во иста состојба како и кога бил употребен или пронајден, т.е не бил употребен или изменуван или пак заснован за (не)поткрепени гласини.

Сите три критериуми мора да бидат усполнети пред еден доказ да се допушти и да се изведе како како доказ за разгледување од страна на судијата. Се разбира, штом судијата одлучи дека доказот може да се изведе, судијата е тој кој треба да процени колкава важност ќе му даде на таквиот доказ. За секој предложен доказ предлагачот ќе треба да ги задоволи сите три критериуми преку поставување доказен основ потребен за негово прифаќање како доказ, на пример преку сведочење на еден или повеќе сведоци. Релевантноста ја

[6]Прирачник за практичари, Докази и приговори: Домашни и меѓународни стандарди, Скопје 2016.стр.12.

опишува врската помеѓу доказното средство и она што со тоа доказно средство треба да се докаже. Релеватниот доказ го прави повеќе или помалку веројатно постоењето на решавачките факти (фактите значајни за прашањата за кои се расправа) отколку без тој доказ. По правилно, релевантниот доказ е дозволен доказ освен ако постои опасност истиот да предизвика неправични предрасуди што ја надминуваат неговата релевантност, или доколку доказот е збунувачки или наведувачки. Тоа значи дека во допуштањето на доказите судот утврдува дали доказот е автентичен, релевантен, веродостоен но и дали е прејудицирачки (создава предрасуди). Ако прејудицирачкиот карактер на доказот значително ја надминува неговата доказна вредност, тогаш исклучувањето/ одбивањето на доказот е дискрециono право на судијата. Откако доказот ќе биде слушнат, речиси е невозожно таквото сведочење да се избрише од сеќавањето на судиите. Сепак, задолжително е бранителот јасно и концизно да му предочи на судот зошто сведочењето е нерелеватно и да истакне колку би било неправедно доколку судот се потпре на таков доказ. Со ваков аргумент бранителот го повикува обвинителството на одговор. Ако доказот навистина е прејудицирачки и нема вистинска доказна вредност, обвинителството ќе има потешкотии да одговори. Бранителот секогаш мора да бара да го има последниот збор, т.е да го побие одговорот на обвинителството по приговорот. Во текот на таквата конфротација за побивање на аргументите на бранителот, ако обвинителството не успеало да докаже дека доказот е веродостоен, автентичен и релевантен, бранителот ќе му посочи на судот дека таквиот неуспех всушност значи одобрување или признавање од страна на обвинителството дека доказот нема вредност односно нема тежина за исходот на случајот.

Примери за поставување на доказен основ:

A. Фотографија- го преставува местото и времето кога се случил инцидентот, вистинска, точна, правична.
B. Глас- претходно препознавање на гласот, способност за слушање, препознаен глас.
C. Физички доказ- лицето го препознава предметот, предметот е во иста состојба,неизменет.

6.Сведоци

Сведокот е физичко лице кое е повикано во кривичната постапка од страна на надлежен орган, а кое е веројатно дека ќе може да даде известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности. Сведокот е должен да се јави на поканата и да ги искаже своите сетилни сознанија за сите факти што се предмет на докажувањето и што се важни за кривичното дело и за сторителот.[7] Овие факти, по правило, се од минато време, а се однесуваат на кривичното дело, сторителот и на други правно-релевантни околности. Изјавата што сведокот ја дава во однос на фактите се нарекува исказ на сведок. Иако сведокот дава исказ за она што го забележал со своите сетила, секој негов исказ не треба да се идентификува со непосредно забележување, затоа што сведокот и на друг начин може да дознае за фактите што се важни за постапката.[8] На пример, да чуе нешто лице кое ги забележало фактите непосредно, а тоа еден вид изведен доказ.

Лицето што се јавува во својство на сведок мора да поседува лично знаење за она за што сведочи. На пример, лицето треба да:

- Да е очевидец ;
- Да слушнало за она за што сведочи и што било кажано од страна на друг сведок/обвинет ;
- Да не се потпира на она што го слушнало од некој друг ;

Иако нема конкретни ограничувања во смисла на точно определена возраст, од што произлегува дека сведок може да биде и дете, под услов да е способно да перцепира факти и потоа да ги репродуцира, сепак ЗКП предвидува дека не може да биде сослушано како сведок малолетно лице кое со оглед на својата возраст и душевна развиеност не е способно да го сфати значењето на своето право и дека не мора да сведочи освен ако самиот обвинет го бара тоа.

Ограничување не постои во однос на физичките или психичките својства на лицето кое се повикува за сведок, освен ако лицето поради својата душевна

[7]Закон за кривичната постапка, службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010
[8] http://www.lectlaw.com/def2/w018.htm

или телесна болест, воопштшо не е во состојба да сведоци. Така, глувонемиот не може да се испита како сведок во однос на околности кои треба да се слушнатм додека во однос на други околности може да се испита преку толкувач, слепиот пат, може да се испита за околности што ги чул, болниот кој е неподвижен може да се испит во однос на околности што можел да ги забележи во таква состојба. Во однос на ова сведоци може да бидат и душевно болни лица, а веројатноста на нивните искази зависи од видот и од степенот на душевната болест, за што психијатерот задолжително дава свое мислење. Земајќи ја во предвид дека сведокот треба да се прознесе за кривичното дело како за настан од минатото, судот треба да оцени дали и во кој степен недостатоците кај душевно болните лица влијаеле врз нивната способност да перцепираат и да репродуцираат факти, за што, по потреба судот може да консултира и стручни лица. По правило секој сведок може да даде свое мислење доколку тоа се заснова на негово запазување и е релеватно во однос на некој факт.[9] Важно е да се има во предвид дека сведокот мора да биде способен за такво сведочење пред да даде свое мислење.На пример, сведокот кој набљудува лице како го држи својот стомак, не е компетентен да дава медицински исказ во однос на здраствената состојба на тоа лице (т.е дека лицето го држело својот стомак бидејќи имало труење од храна). ЗКП определува дека и оштетениот и приватниот тужител може да се испитаат како сведоци.

Секој сведок може да биде дискредитиран. Веројатноста на сведокот може да се напаѓа или да се поддржува со сведок кој ќе даде мислење или ќе посведочи за угледот на друг сведок. Бранителот може да понуди сведочење на искреноста ако, на пример, искреноста на сведокот на одбраната била нападната или оспорена.

При испитувањето судот ги користи своите овластувања со цел да дозволи испитување и презентирање доказни средства за да се дојде до вистината.За таа цел сведокот не смее вкрстено да се испита пред да му биде дадена моќноста да обезбеди доказ преку директно сведочење. Бидеќи наведувачките прашања се сугестивни по природа, сведокот треба да има можност да го каже

[9]Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година, стр.137.

своето видување за настаните пред спротивната страна или судот да му постави прашања. Страната која го предлага сведокот е одговорна за извлекување на исказот преку директно испитување. Следствено, бранителот секогаш треба да приговара ако обвинителството се обиде да го испита својот сведок со наведувачки прашања т.е прашања кои го сугерираат одговорот без да му даде можност на сведокот да даде нерелевантен одговор на отворено прашање. Овде бранителот треба да вложи приговор дека обвинителството го сугерира одговорот и на сведокот не му е дозволено сам да го развие своето сведочење.

6.1Усмени сведоци

Начелото на усност се темели на сведочење во живо, во судот, каде што обвинетиот има полно право да го конфротира таквото сведочење. За утврдување на веројатноста на сведочењето не е доволно сведокот искрено да посведочи. Најважниот основ за прифаќање на доказот почива на тоа дека доказот е објективно веродостоен. Во утврдувањето на кредибилитетот на усниот сведок, судечкиот совет го зема предвид однесувањето на сведокот, постаувањето, карактерот, способноста да се присети на доказите и евентуалната пристараност или интерес.[10] Други релевантни согледувања за судскиот совет се веројатноста, доследноста и други одлики на доказот на сведокот, вклучително и поткрепата од другите докази и околностите на случајот. Од судијата се очекува да ги земе предвид евентуалните недоследности помеѓу усните докази дадени на главната расправа и исказите дадени претходно кои биле допуштени да се искористат како доказ во текот на главната расправа.

Со оглед на фактот што сведоците се најчесто доказно средство кое овозможува да се утврдат важни податоци за кривичната постапка, ЗКП конституира должност за сведочење. Тоа е општа должност за сите лица-домашни и странски државјани кои престојуваат на територијата на нашата држава, доколку со посебни одредби од ЗКП не се ослободени од ваквата одредба. Должноста поткнува од фактот дека некое лице нешто знае за

[10] Прирачник за практичари, Докази и приговори:Домашни и меѓународни стандарди, Скопје 2016,стр.17.

фактите кое се предмет на истражувањето во постапката. Таа се однесува на сите лица, без оглед на нивната положба, на функцијата, образованието и сл. Од законот произлегува дека должноста за сведочење всушност опфаќа две обврски:

- Првата е лицето да се јави на поканата
- Втората е даде исказ

Секое лице кому му е упатена покана е должно да се јави на неа. Од таква обврска единствено се ослободени сведоци кои поради старост, болест или тешки телесни маани не може да се јават на поканата, се движат со потешкотии, и нив судијата ги испитува во нивниот дом или на друго место каде се наоѓаат. Нашиот законодавец предвидува и санкции за сведок кој нема да се јави на поканата, а своето недоаѓање нема да го оправда. Па така, ако сведокот кој е уредно повикан не дојде, а својот изостанок не го оправда или без одобрение или оправдана причина ќе се оддалечи од местото каде што треба да биде испитан, може со судска наредба да се доведе присилно, а судот може и парично да го казни.

Втората обврска што ја сочинува должноста на сведочењето е давањето на исказ. Тоа се состои од неговата должност да ја зборува вистината и да не премочи ништо од она што го знае во врска со кривичното дело и со сторителот. Под помоит на вистинит се подразбира оној исказ кој е во согласност со сознанието што го има сведокот за определени факти. Сведокот пак премолчува нешто тогаш кога не го искажува сето она што го знае, т.е кога неговиот исказ не е целосна слика за фактите што ги забележал и запомнал. Исказот на сведокот е лажен тогаш кога не е во согласност со неговите познавања за настанот и воопшто за фактите што се предмет на докажувањето. Инаку и изјавата на сведокот дека не знае ништо за она што е предмет на докажување, на пример ништо не видел,не чул и сл, а навистина видел и чул, исто така е давење на лажен исказ.

Иако должноста за сведочење е општа, сепак постојат определени категории лица кои не можат да бидат сведоци или се ослободени од должноста на сведочењето.

Не можат да бидат сведоци следните лица:

- Лица кои со својот исказ би ја повредиле должноста на чување државна или воена тајна, додека надлежен орган не го ослободи од таа должност;
- Не може да се испита како сведок бранителот на обвинетиот за она што му го доверил обвинетиот како на свој бранител, освен ако го бара тоа самиos обвинет. Одбраната може да биде ефикасна само ако постои потполна доверба меѓу обвинетиот и неговиот бранител, а притоа и Законот за Адвокатура пропишува дека адвокатот е должен да го чува како тајна се што ќе му се довери неговата странка ;
- Лице кое со својот исказ би ја повредило должноста за чување деловна тајна во однос на тоа што го дознало во вршењето на своето занимање, освен ако е ослободен од таа должност со посебен пропис или со писмено;
- Малолетно лице кое со оглед на својата возраст и душевна развиеност не е способно да го сфати значењето на своето право и дека не мора да сведочи освен ако самиот обвинет го бара тоа;
- Лицето кое поради својата душевна или телесна болест, односно својата возраст воопшто не е во состојба да сведочи;

Ослободени од должноста за сведочење се лицата кои се способни и кои може да бидат сведоци, но законодавецот ги ослободува од таквата должност. Лице кое според ЗКП е ослободено од должноста за сведочење самото одлучува дали ќе се јави во својство на сведок. Ослободени од должноста за сведочење се следните лица:

- Брачниот и вонбрачниот другар на обвинетиот ;
- Роднинини на обвинетиот по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет стпен, како и роднините по сватовство заклучно до вториот степен, и
- Посвоеник и посвоител на обвинетиот ;

Ослободувањето од должноста на сведочењето ја опфаќа само обврската да се даде исказ, а не и обврската да се јави на поканата. Според тоа, ако не се јави на поканата лицето кое е ослободено од должноста да сведочи, ќе биде приведено и ќе ги поднесе последиците од недоаѓањето. Вака се постапува

заради тоа што прво треба, преку земање општи податоци, да се утврди идентитетот на сведокот и неговиот однос со обвинетиот, па дури потоа да се одлучи дали сведокот спаѓа во категоријата на лица што се ослободени од должноста да сведочат.

6.2 Постапка за испитување на сведок

Со цел да се добие целосна претстава за начинот на испитување, за смислата и суштината на вкрстеното испитување потребно е да се образложат трите можни облици на испитување кои се надополнуваат и чинат целина. Поради активната улога на странките во испитувањето, трите облика треба да се анализираат и образложат од аспект на улогата на обвинителот и бранителот. Со цел за успешно испитување, потребно е секоја странка да го подготви својот сведок за текот на директното испитување, а особено за вкрстеното испитување кое е важно за кредибилитетот на сведокот како личност но и за доказната вредност на дадениот исказ. Притоа, од сведокот не се очекува да даде лажен исказ, да кажува невистини во прилог на странката што го предложила, туку потребно е тој прецизно да одговара на прашањата во текот на директнотоиспитување, да делува сигурно и смирено, да не се збуни при вкрстеното испитување, да не покаже несигурност, неконсеквентност во исказот и слично.

Мора да се нагласи умешноста на странките прашањата што ги поставуваат да се надоврзуваат на претходно кажаното од страна на испитуваното лице, а сепак тие да бидат во контекст на подготвените прашања кои ја разработуваат и потврдуваат тезата што странката ја застапува, да се концентрираат на еден аспект па откако тој подробно ќе се потврди, објасни, елаборира, да се премине на прашања сврзани за друг аспект од настанот кој оди во полза на странката која испитува.

Странките мора да бидат внимателни слушатели за да бидат добри испитувачи. Ова значи дека мора особено внимателно да се следат одговорите што ги дава лицето во текот на директното испитување, кое се одвива како раскажување на перцепциите што ги има сведокот за настанот, со цел да може успешно да ги срочи насочувачките прашања во текот на вкрстеното испитување. Странките мора да научат да не манифестираат емоции во текот

на испитувањето какошто се на пример, нервоза, брзање, нетрпеливост да се дослуша сведокот до крај,збунетост,зацрвенетост,заборавеност, расеаност, неподготвеност и сл. Од друга страна,треба да се знае како да се искористат ваквите манифестации кај сведокот, особено кога тој ќе се збуни, кога одбегнува да даде директен одговор на поставеното прашање, кога не се сеќава што точно кажал во текот на директното испитување, кога наместо перцепција ќе почне да дава сопствени мислења и толкувања што од него не се очекуваат, ниту е тој компетентен за тоа.

6.3 Директно испитување

Директното испитување е првиот облик на испитување кое служи за добивање сознанија за настанот преку испитување на сведоците од страната што ги предложила како сведоци во конкретната кривична постапка.[11] Директното испитување подразбира:

- испитување на сопствените сведоци,
- поставување кратки прашања со цел да се добијат опширни одговори од сведокот,
- прашањата треба да бидат структурирани според фактите на случајот и да се надоврзуваат на претходно дадените одговори,
- сведоците треба да се подготват за испитување бидејќи директното испитување е основ за вкрстеното испитување. Начинот на поставување на прашањата прашањата не смее да се наведувачки односно сугестивни,туку мора да се кратки и да се бара лицето што се испитува да раскаже, да објасни, односно да опише што знае за настанот.

При директното испитување се очекува елаборација од лицето што се испитува и затоа прашањата се општи. Преку директното испитување треба да се одговори на аспектите на настанот кои даваат одговор на прашањата: кој е сторителот на инкриминираниот настан, каде и кога точно се одиграл настанот, како е сторено кривичното дело и со кого сторителот дејствувал, на кој начин е сторено делото, зошто е сторено односно кој е мотивот за делото, што

[11]Вкрстено испитување ; Прирачник за практичари / [Гордана, Бужаровска, Дејвид Ре, Мајкл Г. Карнавас], - Скопје, : ОБСЕ 2010. 19 стр.

претходело на настанот, каков е (и дали воопшто има) придонес на жртвата за сторување на делото, какви се последиците од делото односно какви штети предизвикало делото и сл.

Директното испитување е основ за вкрстеното испитување, односно прашањата при вкрстеното испитување се надоврзуваат на она што лицето го кажало во текот на директното испитување. Особено е проблематична состојбата кога сведокотшто страната го предложила во текот на директното испитување прерасне во т.н. непријателски сведок (hostile witness) односно сведок на спротивната странка. Во ваква состојба, страната што го предложила сведокот може да се повика на изјава што лицето му ја соопштило на испитувачот во претходниот стадиум на постапката (истражна постапка односно истражни дејствија на одбраната) и може да побара од судот да продолжи со вкрстено испитување на сведокот.

Повторно директно испитување (re-direct examination) се спроведува откако спротивната странка го испитала сведокот во вкрстено испитување и во текот на вкстеното испитување го навела сведокот на одговори на прашања за факти за кои сведокот воопшто не бил испитан во текот на директното испитување односно кога успеала во дел да ја намали доказната вредност на исказот што го дал сведокот во текот на директното испитување.

6.4 Вкрстено испитување

Вкрстеното испитување е можност да се испитаат сведоците кои ги предложила спротивната странка. Овој облик на испитување бара посебна подготовка, умешност, рутина и искуство. Вкрстеното испитување се однесува на она што сведокот го искажал во текот на директното испитување. Со други зборови, исказот на сведокот во текот на директното испитување е основа за прашањата што ќе се поставуваат во текот на вкрстеното испитување. Цел на вкстеното испитување - намалување на доказната вредност на исказот што сведокот го дал во текот на директното испитување. Погрешно е во концептот на вкрстеното испитување дискредитацијата да се врзува за личноста на сведокот со што се врши дефокусирање од содржината на изјавата врз карактерот на личноста на сведокот. Кредибилитетот всушност се однесува на

начинот како судот ќе гледа на определен доказ, а не на личноста на сведоците.[12]

Преку вкрстеното испитување треба да се прикаже сведокот во светлина на претходно осудувано лице на кое не може да му се верува, да се апострофираат некои негови физички недостатоци како на пример, ослабен вид, слух, намалени моторички способности и сл. доколку е тоа важно од апсект на фактите за кои се произнел во директното испитување. Важно е да се создаде претстава дека дадениот исказ во текот на директното испитување не е докрај конзистентен, има нејаснотии, неповрзани факти, исказот е непрецизен, содржи претпоставки на сведокот и сл. Преку вкрстеното испитување се осуетува тезата на спротивната странка. Особено е важна умешноста сведокот на спротивната страна да се наведе на „тенок мраз„ и да се внесе сомнеж во неговата репутација и тоа не во смисла дека дал лажен исказ туку дека не е докрај сигурен во она што го изнел во текот на директното испитување.

При вкрстеното испитување се ползува исказот што сведокот го дал во текот на директното испитување и од овие причини секогаш се поставуваат наведувачки прашања. Прашањата се долги и содржат потсетување на она што сведокот го истакнал во текот на директното испитување. Одговорите во текот на вкрстеното испитување се кратки, најчесто од сведокот се бара да одговори со „да“ или со „не“. Не треба да му се дозволи на сведокот да објаснува било што во текот на вкрстеното испитување. Вкрстеното испитување има за цел потврда или осуетување на претходно кажаното, а не е основ за нови елаборации и објаснувања. Во случај на успешно вкрстено испитување, следува дополнително директно испитување каде што страната што го предложила сведокот ќе му овозможи на сведокот тој да даде дополнителни појаснувања и објасненија.

При вкрстеното секоја странка треба да се концентрира на оние факти што сведокот ги кажал во текот на директното испитување а тие одат во полза на сопствената теза, односно се потврдуваат некои тврдења на странката што го врши вкрстеното испитување. Постои случај кога во текот на директното

[12]Marcus Stone, Cross-examination in Criminal Trials, Tottel Publishing, 2009, Marcus Stone, Cross-examination in Criminal Trials, Tottel Publishing, 2009, стр.61-62.

испитување сведокот се произнел за некои факти што не одат во прилог на спротивната странка, но при вкрстеното испитување спротивната странка ќе успее да добие од сведокот одговори за други факти за кои сведокот има сознанија и одат во прилог на странката што го врши вкрстеното испитување.

Вкрстеното испитување бара посебна подготовка, соработка на адвокатот со клиентот, работа со сопствените сведоци со цел да се подготват за вкрстено распрашување од спротивната странка. Секое прашање од вкрстеното испитување мора да има јасна крајна цел - странката мора да знае што сака да постигне и мора однапред да го знае одговорот што ќе го добие од испитуваното лице. Одбраната мора да процени дали вкрстено ќе испитува некој сведок или не. Притоа, важна е оценката колку низ вкрстеното испитување може да се потврдат или проверат определени факти важни за одбраната.

Особено е важно странката што врши вкрстено испитување да оцени во кој момент да запре со вкрстеното испитување кога од сведокот ќе го добие одговорот кој е особено важен за сопствената теза на случајот. Најголем ефект вкрстеното испитување има кога е постигната целта поради која странката се одлучила лицето да го подложи на вкрстено испитување.[13] Вкрстеното испитување може да не се спроведе ако бранителот оцени дека е тоа во интерес на одбраната.

6.5 Дополнително испитување

Дополнителното испитување претставува повторено директно испитување на сведокот откако тој бил вкрстено испитан од спротивната страна. Дополнителното испитување е ограничено на она што било предмет на вкрстеното испитување. На дополнителното испитување се гледа како на коректив на вкрстеното испитување.[14] Овој облик на испитување го врши страната што го предложила сведокот и тоа во однос на факти кои биле предмет на вкрстено испитување, а тие воопшто не биле споменати или нејасно биле елаборирани во текот на директното испитување.

[13]Кога вкрстеното испитување ќе заврши со изјава која оди во прилог на тезата на странкта што врши вкрстено испитување, тоа остава значителен впечаток кај судот за конкретниот сведок, Stone, оп. цит., стр. 59.

[14] Stone, оп. цит., стр. 4.

Целта на дополнителното испитување - да се објаснат причините за неконзистентност на дадениот исказ, да се поправи репутацијата на сведокот која била разнишана во текот на вкрстеното испитување (доколку е тоа воопшто можно), да се манифестира сигурност и убедителност на сведокот, да се поправи тоа што во текот на вкрстеното испитување спротивната странка успеала да го разниша односно осуети. Дополнителното испитување треба да започне со прашање сведокот да објасни зошто не бил доследен во претходно дадениот исказ,зошто тоа што произлегло од вкрстеното испитување не го изнел во текот на директното испитување. На овој начин му се овозможува на сведокот да ја поправи грешката и да го комплетира исказот и да го поврати сопствениот кредибилитет, доверба во дадениот исказ и дека тоашто го изнел е вистина. На крајот од дополнителното испитување се поставуваат прашања со кои се нагласуваат клучните факти на случајоткои се утврдиле и одат во прилог на страната го спроведува дополнителното испитување.

6.7 Испитување на обвинетиот

Одбраната има диспозиција да одлучи дали обвинетиот ќе се јави во улога на сведок во сопствениот случај. Никој не може да го натера обвинетиот да сведочи во својот случај.[15]Одлуката обвинетиот да сведочи треба да се донесе по внимателна оценка на предложените докази, степенот на кривичната одговорност, мора да се има предвид опасноста што со себе ја носи вкрстеното испитување на обвинетиот кога нужно ќе бидат изнесени аспекти кои водат кон себеобвинување. Сведочењето во сопствениот случај нема за цел признавање на вината и не претставува презентирање на признанието. Токму напротив, обвинетиот се јавува во улога на сведок во случаи кога одбраната има силни аргументи против поднесеното обвинение и ќе оцени дека преку испитување на обвинетиот ваквите аргументи најефикасно и најуспешно ќе се презентираат пред судот. Доколку одлучи обвинетиот да сведочи, за него важат истите правила како и за сведоците - по директното испитување следува вкрстеното испитување, а по потреба и дополнително испитување за дел од дадените одговори. Обвинителството ќе може да го дискредитира обвинетиот како

[15]Види Калајџиев, Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување, оп. цит. V. BAYER, Kazneno procesno pravo, odabrana poglavja, knjiga I: Uvod u teoriju kaznenog procesnog prava, Zagreb, 1995, 269; D. KRAPAC, Kazneno procesno pravo, II izdanje, Narodne novine, Zagreb, 2003, 356-364.

личност (зависности, претходни осуди, лошродител, сопружник,граѓанин, лице со сомнителни морални квалитети, сомнителни бизнис активности и сл.) само во текот на вкрстеното испитување, односно само ако обвинетиот се јави во улога на сведок во сопствениот случај. Во спротивно, обвинителството нема можност да наведува аспекти од поранешниот живот на обвинетиот со цел за негово дискредитирање.

7. Заштита на сведоци

Законот за заштита на сведоци во Република Македонија стапи на сила во 2006 година. Со него се овозможи заштита на сведоци, кои поради опасноста што им се заканува по нивниот живот, здравје, личната или безбедноста на семејството, можат да бидат сослушани на посебен начин, со определување на статус на заштитен или загрозен сведок, со доделување на псевдоним, кои исказот ќе го дадат со помош на аудио-визуелни средства, со прикриен лик и изменет глас.

Заштитата ја дава судот може да значи и промена на неговиот идентитет, живеалиште па дури и промена на земјата во која живее, во зависност од степенот на заканата за која треба да се направи содветна проценка. Во принцип, секој сведок е потенцијално загрозен сведок. Неговото сведочење секогаш ќе наиде на реакција кај некој од учесниците во постапката. Влијанието и заплашување на сведоци носи и кривична одговорност. Меѓутоа кој се може да биде заштитен сведок? Дали организатори на криминални групи можат да се појават како заштитни сведоци како себеси би се спасиле од кривична одговорност или пак тие би биле соработници на правдата за кои има посебна постапка.

Како би се водела граѓанска постапка доколку заштитениот сведок е и оштетено лице а притоа да не се открие идентиетот.Терминот заштитен сведок првпат е применет во американското право, за разбивање на сицилијанската мафија Коза Ностра. Постапката била проследена со низа мерки за заштита на сведоци, поради нивната дотогашна мафијашка историја и сериозноста на заканите кои мафијата ги упатувала кон нив. Но и во овие случаи сепак со директни сведочења сведоците лично посочувале што виделе и знаеле, што било исклучително важно за случаите кои се воделе, преку кои мафијата била разоткриена, разбиена и санкционирана, а заштитениот сведок бил преместен

во нова средина каде што добил шанса за нов почеток во својот живот. На овдешните простори терминот најмногу се користи во судски процеси за воени злосторства, при што како заштитени сведоци се јавувале жртвите на злосторствата. Јасно заштитените сведоци не мора нужно да се криминалци, може и да се очевидци, жртви на злоделата. Оние заштитени сведоци на кои им се сменети лични податоци дури и по поминување на одреден период доколку стапат во брак должни се да молчат, односно да не го откриваат својот вистински идентитет.

7.1 Заштитениот сведок во македонското казнено право

Организираниот криминал како општественонегативен феномен со сите свои појавни облици, комплексност и софистицираност од секогаш претставувал сериозен проблем кој на непосреден начин влијае на развојниот тек на односите и ги поткопува темелните вредности на едно современо демократско општеството.[16] Тој како еден вид „канцер“ полека и систематски навлегува во секоја „клетка“ од општеството предизвикувајќи сериозни и непредвидливи последици како на економско, така и на културно, правно, социолошко и воопшто секое поле атакувајќи ги самите темели на столбовите врз кои е изградено или би требало да се гради едно здраво општество.

Како облик на криминалитет кој се одликува со висока темна бројка, степен на динамичност и адаптибилност на промените во општеството неминовно ја налага потребата за координација и кооперативност помеѓу државите како на национално, така и на интернационално ниво со цел изнаоѓање нови техники, тактики и методи во насока на неговото сузбивање и превенирање.

Токму еден од одговорите и методите на органите задолжени за справување со криминалот воопшто, но особено со организираниот криминал претставува институтот „заштитен сведок“. Многу често сведоците се заплашувани од страна на оние против кои се повикани да сведочат. Иако во многуте случаи, ваквото заплашување не мора секогаш да води кон ситуации опасни по нивниот живот, сепак за некои од нив, заканата по животот,

[16]Бобан Величковиќ,Заштитениот сведок во македонското казнено право и критичка анализа на Законот за заштита на сведоци, Октомври 2016,стр.2.

безбедноста или телесниот интегритет може да биде реална и сериозна, особено во оние случаи кога се работи за дела од областа на организираниот криминал.

Како одговор на ваквите ситуации „опасни по живот“ државите им доделуваат на сведоците различни форми на заштита. Опсегот на заштитата зависи од видот на сведокот и криминалот, како и нивото на опасноста и заплашувањето. Овој одговор докажано е дека не е само практична потреба, но, исто така и обврска на државата кон своите граѓани.

Кога говориме за заштитата на сведоците во Република Македонија, треба да се потенцира дека станува збор за два типа заштита: **процесна заштита**, која како таква е регулирана со Законот за кривичната постапка (чл. 226-231) и се состои од преземање низа мерки и активности во текот на самата постапка, како што се посебен начин на испитување на овие лица со прикривање на идентитетот со помош на посебни уреди за пренос на слика и тон, доделување на псевдоним и сл. и **вонпроцесна заштита**, која е регулирана со Законот за заштита на сведоците (на сила од 1 јануари 2006 година), и со која на сведоците им се обезбедува заштита надвор од самата постапка, односно која се состои од мерки и активности кои ги преземаат органите надлежни за спроведување на заштита, кои треба да ја гарантираат сигурноста на сведоците и нивните блиски лица за целиот период додека трае судењето, но и дополнително по завршувањето на постапката. Временски, вонпроцесната заштита може да започне пред почетокот на самата постапка, да трае паралелно со постапката (процесната заштита), но и по завршувањето на казнената постапка во која определеното лице се јавува како сведок.Во домашната судска пракса, па и во пошироката јавност, многу се користи терминот „заштитен сведок“ иако во суштина само мал број од сведоците биле заштитени, додека останатите биле загрозени сведоци или лица со прикриен идентитет, па оттука произлегува потребата да се направи дистинкција помеѓу овие термини.

7.2 Испитување на заштитен сведок

Повикување на загрозен сведок во претходна постапка или на главна расправа се врши преку Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи. Во текот на претходната постапка

јавниот обвинител презема мерки за заштита на загрозениот сведок. Јавниот обвинител со решение го определува псевдонимот на загрозениот сведок, како и посебниот начин на учество во постапката и во испитувањето. На испитувањето на загрозениот сведок во претходна постапка не присуствуваат обвинетиот и неговиот бранител, ниту оштетениот и неговиот законски застапник. Податоците на загрозениот сведок јавниот обвинител ги запечатува во посебен коверт и тоа го забележува во списот, користејќи го псевдонимот на загрозениот сведок. Запечатениот коверт со податоците за загрозениот сведок може да ги побара и да ги отвори само второстепениот суд кога одлучува по жалба, по што ковертот повторно се запечатува и му се враќа на јавниот обвинител.

На загрозениот сведок не смее да му се поставуваат прашања со кои на директен или индиректен начин би го открил својот идентитет, место на живеење, вработеноста и членовите на семејството, а лицата кои во кое било својство ќе ги дознаат податоците за загрозениот сведок се должни да ги чуваат како класифицирана информација. Во текот на главната расправа, писмено образложениот предлог за посебниот начин на испитување на загрозениот сведок, јавниот обвинител во запечатен коверт му го поднесува на судијата, односно советот за оцена на обвинителниот акт при поднесување на обвинителниот акт. Судот одлучува за предлогот на јавниот обвинител со решение кое е должен да го донесе најдоцна во рок од 48 часа од приемотна предлогот. Во случај ако судот го прифати предлогот на јавниот обвинител, ќе го определи со решение псевдонимот на загроениот сведок, ако дотогаш не бил определен, како и посебниот начин на учество во постапката и на испитувањето. Посебниот начин на испитување може да се состои од прикривање на идентитетот и изгледот на загрозениот сведок. Кога посебниот начин на испитување и учество на загрозениот сведок се однесува само на прикривање на личните податоци на сведокот, прикривањето на идентитетот се остварува преку испитување на загрозениот сведок под псевдоним. По завршеното испитување загрозениот сведок го потпишува записникот со псевдонимот. Во останатиот дел, испитувањето на загрозениот сведок се спроведува по општите одредби за испитувањето сведоци. Прикривањето и на изгледот на загрозениот сведок кој се испитува под псевдоним се остварува со примена на посебни технички уреди за пренос на слика и тон, при што ликот на загрозениот сведок и неговиот глас се изменети. Притоа загрозениот сведок се

наоѓа во посебна просторија која физички е одвоена од просторијата во која се наоѓаат судијата и другите учесници во постапката. Лицата кои во било својство ги дознале податоците за загрозениот сведок, се должи по истите да постапуваат како со класифицирани информцмации. При испитувањето на загрозените сведоци на главната расправа посебно треба да се внимава на правото на обвинетиот и на неговиот бранител да имаат соодвтна и доволна можност да ги оспоруваат и да ги проверуваат нивните искази. Во оваа смисла ЗКП забранува пресудата да може да се темели само врз основа на исказот на загрозениот сведок прибавен со примена да одредбите за прикривањето на неговиот идентитет или изгледот заради неговата заштита и заштита на неговите блиски лица.

8.Соработници на правдата (сообвинети)

При оценување на доказите од ваквите сведоци или сообвинети кои се изјасниле за виновни, судијата би требало да ја земе предвид можнота корист која тие би ја добиле, како на пример, преку доказ за намалување на основите за кривично гонење, откажување од обвинението или докази за олеснителни околности при одмерување на казната. Понатаму, при оценувањето на нивното сведочење судијата би требало да го земе во предвид и постапувањето на обвинителството при добивањето на доказите од ваквиот сведок (сообвинет). Спогодувањата се неспорно релевантни. Секој пропуст на обвинителството да го евидентира испрашувањето или да обезбеди дословен записник додека преговарал со соработникот на правдата (сообвиетиот) и оневозможува на одбраната да го оспори она што евентуално му било откриено на соработникот на правдата, обвинетиот, со оглед на фактите кои обвинителството целело да ги потврди: на пр.телеграфирање на информациите кои сакало да ги чуе, а кои би ги пополниле празнините во случајот на обвинителството, наспроти слободно раскажување.

9.Вештак

Вештаците се процесно незаинтересирани лица, кои се повикуваат од страна на органот што ја води постапката и од нив се бара врз основа на

стручната подготовка или на вештина, стекната со вршење на професијата, да забележат одделни факти, околности или појави или за нив да го дадат своето мислење. Самото процесно дејствии со кое вештаците, врз основа на посебна стручна подготовка, знаењето и вештината, забележуваат факти и го изнесуваат своето мислење за нив се нарекува вештачење.[17] Вештачењето се состои од два дела: наод и мислење.

- Наод е непосредно сетилно забележување на факти од страна на вештакот, односно сето она што тој го констатирал при прегледот на предметот на вештачењето, и
- Мислење е заклучок кој произлегува од она што е најдено, констатирано на предметот на вештачењето, донесен врз основа на правилата на определена научна дисциплина, вештина, струка и сл.

Вештачењето се определува кога за утврдување или за оцена на некој важен факт треба да се добие наод и мислење од лице што располага со потребно стручно знаење. Вештачењето се определува со писмена наредба која ја донесува органот што ја води постапката и во неа се наведува во поглед на кои факти се врши вештачењето, кому му се доверува вештачењто, а по претходно прибавено мислење од вештакот се определува рокот во кој треба да се заврши вештачењето и да се достави наодот и мислењето.[18] Рокот може да биде продолжен само по образложено барање од вештакот.

Овластен орган за наредување вештачење во текот на претходна постапка е јавниот обвинител односно судијата на претходна постапка во случај кога ќе се одржи доказно рочиште во случај кога доказите се однесуваат на лице, предмет или место чија состојба е подложна на неизбежни промени. Во дополнението на доказна постапка, по исклучок, судот може да определи супер вештачење кое, според Законот за вештачење, претставува стручно-критичка експертиза на две противречни вештачења, кој може да го изврши тим составен од најмалку тројца вештаци од соодвтна област од орган на државна управа, високообразовна установа, научна установа или стручна установа и

[17]Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година, стр.146.
[18]Член 237 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

друштво за вештчење во кое има вработено најмалку тројца вештаци од соодветна област.[19]Судот може да нареди вештачење и на предлог од одбраната во случај кога има изготвен вешт наод и мислење од орган на државната управа и тој е приложен како доказ од страна на јавниот обвинител, но одбраната го оспорува. Во таков случај, одбраната има можност да му предложи на судот да нареди вештачење, кое ќе го изврши друга установа или орган.

По правило, вештачењето го врши вештак кој има лиценца за вештачење од соодветна област и е запишен во регистарот на вештаци. Според Законот за вештачење, вештакот е должн вештачењето да го врши стручно и совесно во согласност со правилата на науката и струката, етичките норми и професионалните стандарди и да го достави до органот што го определил. Се определува еден вештак, а ако вештачењето е сложено, тогаш може да се определат два или повеќе вештаци, особено ако е потребан ангажман на повеќе стручни лица од разни орифили поради сложеноста или обемноста на вештачењето. Ако за определен вид на вештачење постои високообразовна установа, научна установа или стручна установа или вештачењето може да се изврши во рамките на орган на државна управа, таквит вештачења, а особено посложените, се доверуваат, по правило, на наведените установи односно органи.

Кога постои сомнеж во објективноста на вештакот, странките имаат право да бараат негово изземање од истите причини поради кои може да се бара и изземање на судија и на судија поротник, бидејќи, во согласност со законските прописи одредбите за изземање на судија и на судија поротник соодветно се применуваат и за изземање на вештак. Сепак кај изземањето на вештак постои посебна околност што не се одднесува на судија и на судија поротник, а се состои во можноста да се бара изземање на вештакот кога тој заедно со обвинетиот или со оштетениот е во работен однос кај оштетениот или обвинетиот. Нашиот законодавец предвидува должност на вештакот која опфаќа две обврски за вештакот: да изготви наод и мислење во рокот определен во наредбата и да се јави на поканата за главна расправа.

[19]Ibid.Член 242.

На испитувањето на вештакот претходи предупредување да наодот и мислењето мора да го изнесе на најдобар можен начин и во склад со вештината и правилата на својата струка, како и предупредување да давање лажен исказ за наодот и мислењето претставува кривично дело давање на лажен исказ. Наодот и мислењето на вештакот мора да биде усмено изложено на главниот претрес како вештакот би можел да биде испитан според правилата на директно и вкрстено испитување. Тоа значи да вештото лице според правилата на директно испитување, усмено и непосредно да го изнесе својот наод и мислење, така што во наодот ќе ги изнесе сите факти на кои го заснова мислењето, а во самото мислење ќе ги изнесе стручните заклучоци. Правилата за директно и вкрстено испитување, како и останатите начини на испитување на сведокот, се применуваат и при испитувањето на вештаците. Секако дека испитувањето на вештакот бара подготовка која мора да биде комплетна, мора да се анализират сите докази кои вештакот ги има земено предвид при давањето на писмениот наод и мислење, а неизбежна е консултација и со технички советник кој е вештак од иста струка. Практично, ако еден вештак сака вкрстено да се испита, подготовката за вкрстено испитување не може сериозно да се изврши без ангажирање и стручна помош од технички советник.

Постои одредена логика кога станува збор за директно испитување која ја истакнуваат поголемиот број на практичари, макар да секако деталите се разликуваат. Она што следи се доста широко назначени препораки за испитување на вештакот:

- Претставување – прв чекор при директното испитување на вештакот, е претставување како стручно лице и објаснување на целите на неговото сведочење. Корисно е да се праша вештакот и како дошло до тоа да биде повикан да изнесе свој наод и мислење.
- Кфалификација – јасно е да е ова основен услов /причина зошто вештакот воопшто се повикува, односно некое негово специфично знаење, способност, искуство, обука. На почетокот на директното испитување на вештакот, корисно е да се постават неколку прашања кои се однесуваат на неговата кфалификација (на пример: можете ли да ни кажете нешто за своето образование ? со кои работи се имате

занимавано после стекнувањето на диплома ? во полето во кое работите поседувате ли одредено специјализирано знаење? можете ли накратко да го објасните вашето поле на работа?). Секако дека ако адвокатот го повикува вештакот нема за единствена цел да истиот ги објасни своите формални кфалификации, туку и да понуди на судијата или советот причини поради кои мислењето на тој случај треба да биде убедливо за нив. Укажувањето на уверливоста на вештакот е особено битно во ситуации кога двете страни во постапката, јавниот обвинител во истрагата, а одбраната во рамките на спроведувањето на сопствена истрага повикуваат вештак како стручно лице за определено прашање. Бескрајното повторување на дипломата, објавените трудови, наградите и слично може лесно да досади, така да во слични ситуации можеби е подобро во праксата да се приложи биографија (CV) на вештакот како доказ – посебно со оглед да на поголем број на судии во интерес им е што поефикасно водење на постапката, па постои голема веројатностдека ќе дозволат прилагање како доказ на биографија на вештакот, со цел за забрзување. Меѓутоа, фактот да би била вложена биографија како доказ, не значи да истата може да се смета за комплетна замена во презентирањето на кфалификациите на вештакот во текот на директното испитување. Генерално, може да се каже да искуството има поголема уверлива сила, туку самото образование. На крај, е важно да во текот на овој дел на претставувањето на вештакот, доколку тоа е можно, да се нагласат некои посебни кфалификации кои вештакот ги има, а кои вештакот на спротивната страна ги нема.

- Мислење и теорија – е дел од директното испитување на вештакот поради кој истиот во суштина и е повикан да понуди свое мислење. Во овој дел, на страната која го повикала вештакот, е да со кратки и едноставни прашања дојде до одговор на следниве прашања:

  а) кое е мислењето на вештакот за прашањето кое му е поставено;

  б) кои се причините кои го подржуваат тоа мислење;

  в) кој е начинот/средството по пат на кои самиот дошол до таквото мислење.

- Образложение и подршка – кога вештакот ја изнел и подржал својата теорија, може да се навлезе во деталите за природата на истрагата и калкулациите кои го довеле до истата. Од судечкиот судија или советот не може да се очекува да прифатат некој факт само затоа што го изрекло вештото лице, туку вредноста и точноста на податоците мора да биде востановена.
- Заклучок – директното испитување на вештакот би требало да заврши со силно повторување на фактите и заклучоците кои се најбитни за случајот во предметот. Ова од причина затоа што е утврдено да луѓето најдобро се сеќаваат на првата и последната работа која ја имат слушнато, а и судиите се луѓе. Уште еден "трик" кој може да се употреби во текот на директното испитување на вештак, е да директното испитување се искористи да вештакот се заштити од потенцијално штетните прашања во вкрстеното испитување од спротивната страна. Јасно е да страната која вкрстено ќе го испитува вештакот, нема на вештакот да му понуди можност да објасни одредени работи, па од тие причини корисно е да страната која го повикала вештакот, односно која директно го испитува, да ги постави овие „потенцијално штетни„ прашања, па на тој начин во таков случај даде на вештото лице можност да на судијата или советот понуди објаснување (потенцијално штетни прашања се оние кои се однесуваат на пример: за наградата која вештакот ја примил, употребата на претпоставки, прифаќање на извори од втора рака и сличн). Важна напомена која се однесува до самиот наод на вештакот е да секогаш е корисно да тој самиот состави кратко сиже на својот наод на неколку страни, како би на страните во постапката, а првенствено на судечкиот судија или совет го олеснил следењето на своите заклучоци. Јасно е да наодите на вештото лице понекогаш се исклучително обемни, па изготвувањето на кратко сиже претставува извонреден начин да страните во постапката на ефикасен начин се запознаат со главните тези кои вештакот има намера да ги изнесе пред судот. Директното испитување се сведува на дијалог на странката која го предложила вештакот и самиот вештак во кој главната улога припаѓа на вештакот. Директното испитување е успешно завршено ако Судот се увери да

слабите точки на наодот и мислењето немале или имале незначително влијание на големиот степен на убеденост во поглед на утврдените факти од наодот и мислењето.

Вкрстеното испитување го врши спротивната странка, за оспорување на дадениот исказ на сведокот. Адвокатот секако треба да искористи прилика да ги зацврсти добрите страни на својот случај и да ги истакне слабите точки на спротивната странка како и кредибилитетот на сведочењето и теоријата на случајот на спротивната странка. Исто така е можно да сведоците на спротивната странка може да зборуваат невистина или пак можат да бидат во заблуда да зборуваат вистина. Исказите на сведоците на другата странка можат да бидат оспорени со материјалните докази, а тие содржината на ваквите докази не ја знаат додека адвокатот со добра подготовка сосем ја знае нивната доказна вредност и содржина.

Адвокатот секогаш треба да знае што прашува и да таквите прашања имат цел. Кога адвокатот поставува прашање треба да го постави на начин со кој се претпоставува одговорот. Треба сведокот да го потврди она што одговара на адвокатот во предметот. Адвокатот со прашањето треба да го сугерира одговорот. Тој треба да се држи до својата теорија и да се потруди да секогаш има контрола. Прашањата треба да бидат формулирани така да адвокатот на сведокот зборува што се случило и од него да се сака само тоа да тој даде потврда. Адвокатот треба да поставува наведувачки прашања, да не дозволува сведокот да објаснува, затоа што тоа го правел во директното испитување. Доста е значаен говорот на телото, адвокатот сведокот треба да го гледа во очи, и се треба да укажува да тој комуницира со сведокот.

Преку комуникацијата со сведокот на невербален начин може да се нападне кредибилитетот на сведокот на пример ако тој е нервозен или се премислува да даде одговор, адвокатот мора да укаже на судијата или советот да тоа се случило и тоа со забележување во записникот ако главната расправа не се снима туку се водат стенографски белешки, затоа што можеби судечкиот судија или судијата и членовите на советот не слушал или не гледал. Адвокатот мора да внимава да никогаш не постави прашања на кои не го знае одговорот, затоа што самиот одговор може негативно да го изненади.

Сведоците обично најдобро се сеќаваат на изјавата која ја имат како последна дадена. Посебно адвокатот треба да внимава да кога започнува со вкрстено испитување да ги искористи двете најаки прашања на почетокот и на крајот на испитувањето. На крај битно е да се нагласи да треба адвокатот да поставува кратки прашања, не сложени, но да бидат конципирани во форма на изјава, со нагласување на прашањето „дали е точно„?. Кога адвокатот со своите прашања го добие она што го барал од сведокот, треба да внимава да не го постави она едно прашање повеќе, односно она прашање кое на сведокот би дало можност да објасни, или да го поврзе својот одговор за она што го изјавил додека директно го испитувала спротивната странка.

10.Увид и реконструкција

Увидот претставува истражно дејствие со чија помош непосредно се забележуваат, се утврдуваат и се разјаснуваат поедини околности и факти кои се од значење за успешно водење на кривичната постапка.[20] ЗКП, предвидува дека увидот го презема јавниот обвинител, а по негово овластување и правосудната полиција кога за утврдување или разјаснување на некаков важен факт во кривичната постапка е потребно непосредно забележување.

Осомниченият, бранителот и оштетениот можат да присуствуваат при увидот, меѓутоа нивното отсуство не го одлага преземањето на увидот. Гледано од кривично-процесен аспект, увидот претставува еден од најважните и најефикасни доказни средства за утврдување на вистината во самата кривична постапка. Ова процесно доказно дејствие, надлежниот орган на кривичната постапка го презема секогаш ex officio (по службена должност) кога за утврдување на фактите е потребно непосредно забележување.[21]

Основната цел на увидот, како процесно доказно дејствие, е утврдување и разјаснување на факти кои се важни за добивање на јасна претстава за околностите под кои се одиграл кривично-правниот настан кој е предмет на интерес. Без помошта на истражното дејствие увид не би можеле да дознаеме

[20] Антигона Аљиљи, Товарот и стандардите на докажувањето според новиот ЗКП,Скопје,Октомври 2016 стр.37.

[21] Кривично процесно право, Зоран Сулејманов, Скопје 2002.

за фактите на кривично-правниот настан и следствено на тоа, не би можеле да ги извлечеме потребните заклучоци за негово расветлување.

Заради проверување на прибавените докази или заради утврдување на фактите кои се од значење за разјаснување на работите, органот што ја води постапката може да одреди да се изврши реконструкција на настанот. Таа се врши на начин што ќе се „повторат“ дејствијата или ситуациите во условите под кои, според прибавените докази, се одиграл настанот. Ако во исказите на одделни сведоци или осомничени лица, односно обвинети лица, дејствијата или ситуациите се различно прикажани, реконструкцијата на настанот, по правило, посебно ќе се изврши со секој од нив. Реконструкцијата не смее да се врши на начин со кој се навредува јавниот ред и морал или се доведува во опасност животот или здравјето на луѓето. При реконструкцијата, по потреба, можат повторно да се изведат одделни докази.

Реконструкцијата како истражно дејствие може да има различни цели. Така, на пример, една од целите на реконструкцијата би била да ги надополни евентуалните пропусти направени во текот на вршењето на увидот или, пак, да ги отстрани евентуалните противречности појавени поради нестручно или поради погрешно изведениот увид.[22] Воедно, цел на реконструкцијата би можело да биде утврдување на начинот на извршувањето на кривичното дело, кога тоа не можело да се постигне само со објективното истражување на лице место за време на увидот. Понатаму, со помош на реконструкцијата би можела да се потврди одбраната на обвинетото лице или, пак, да се провери точноста на неговото признание, како и да се провери точноста на исказот на сведокот во однос на околностите кои се поврзани со местото на сторување на предметното кривично дело.

Пред да се пристапи кон спроведување на реконструкцијата како истражно дејствие, мора да се извршат одредени подготвителни дејствија, а кои се однесуваат на подетално запознавање со расположливите материјали, односно: записникот за увид, скиците, фотографиите, исказите на сведокот/сведоците, исказите на обвинетиот/обвинетите, определување на фактите и околностите кои треба да се проверат и да се утврдат со помош на

[22]http://legal-dictionary.thefreedictionary.com/Crime+scene+investigator

реконструкцијата, одредување на местото и времето на изведување на реконструкцијата, одредување на условите во кои реконструкцијата мора да се спроведе, како и да се одреди методот кој ќе се користи за нејзино спроведување, а сè со цел обезбедување на непречен тек на реконструкцијата.

11.Материјални докази

Под поимот материјален доказ се подразбира секој предмет кој има важност за утвтрдување на фактите во кривичната постапка, односно материјални докази се предмети од природата и предмети кои ги создал човекот, кои во кривичната постапка придонесуваат за расветлување на важни факти и околности, како и за разрешување на кривичниот предмет. Материјлните докази не се само оние предмети што се наведени во КЗ како предмети што се употребуваат или биле наменети за извршување на кривичното дело или се појавиле од извршување на кривичното дело, што се нарекуваат corpora delicti, туку материјален доказ може да биде секој предмет кој служи како извор за податоци за утврдување на фактите важни за кривичната постапка.

Материјални докази се и записниците за увидот, потврда за одземени и вратени предмети, книги, списи и друго. Материјалните докази имаат определена предност во однос на вербалните која се состои во тоа што тие имаат квалитетна објективни факти кои може конкретно да се испитаат и да се контролираат, овозможуваат реконструкција на крималниот настан, овозможуваат утврдување на правно релеватни факти кои не може да се утврдуваат со други доказни средства. Откривањето, собирањето и обезбедувањето на материјалните докази го вршат странките. Обезбедувањето на материјалните докази се фиксира со помош на записник за процесните дејствија со кои се добиени. Изведувањето на материјалните докази во постапката се презема со читање на глас на нивната содржина заради запознавање на присутни во судницата со содржината на доказот што се изведува. Доказната врдност на материјалните докази во кривичната постапка се оцнува врз основа на општите правила за оцена на доказите.

12.Снимка и електронски доказ

Под снимка се подразбираат фотографии, филмови или други аудио или визуелни снимки добиени со технички средства. Снимката се изведува како доказ со нејзино репродоцирање што го вршат стручни и обучени лица со цел да се спречи нејзино репродуцирање што го вршат стручни и обучени лица со цел да се спречи нејзино оштетување или уништување. Во однос на снимката се постапува како и со другите предмети кои може да се употребат како доказ, водејќи сметка да не се оштети или уништи и да се сочува нејзината содржина во неизменет облик.

Како електронски докази се сметаат податоците сочувани во компјутер или сличен уред за автоматска или електронска обработка на податоци кои помагат во утврдувањето на правно-релеватни факти. Како електронски доказ се сметаат компјутерски податок, компјутерска програма, уред за одржување на информатичкиот систем, компјутерска комуникација, компјутерска лозинка, код за пристап и сличен податок со кој целината или дел од компјутерскиот систем се ослободува за пристап. Според КЗ, под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма. Под компјутерски податоци, пак, се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција. Во оваа група спаѓаат и докази кои поради својата природа не се враќаат на лицето од кого биле одземани: компјутерски вируси, фалсификуван електронски потпис. Во оваа категорија спаѓаат и уреди што служат за собирање и пренос на податоци, носители на податоци и претплатнички информации. Како доказ во постапката може да се користат и писма, телеграми, и други пратки упатени до обвинетиот или оние што тој ги испратил, а кои се наоѓаат кај правните лица во областа на поштенскиот, телеграфскиот и друг сообраќај. Ова не се однесува на писма, телеграми и други пратки разменети меѓу обвинетиот и неговиот бранител.

Истражување

13.Статистичко правен преглед на бројот на кривични пријави, обвинениј а и пресуди во совладување на криминалитетот

Животот и телесниот интегритет претставуваат основни човекови вредности, затоа што целокупните општествени односи се засновани врз односите помеѓу луѓето. Заштитен објект на заштита кај сите кривични дела од оваа глава е животот и телото на човекот. Повредите или загрозувањата претставуваат казниви дела само ако се вршат спрема друго лице. Самоубиството не е инкриминарано, но е казниво наведувањето на самоубиство. Самоповредувањето исто така е неказниво, со исклучок ако се врши заради определена цел. На пример онеспособување за одбегнување на воедна обврска или за остварување на некој права од социјално осигурување.

Кривичните дела против животот и телото и начинот на нивното докажување ќе бидат разработени во магистерската работа односно ќе биде опфатен периодот од 2017 до 2021 година кој се извршени на Апелационо подрачје Штип, односно колку кривични дела се пријавени а колку се процесоирале низ правосудните органи и имаме правосилна судска одлука.

Покрај овие кривични дела ги имаме и кривичните дела против имотот за кој е опфатен истиот период од 2017 до 2020 година кој се извршени на Апелационо подрачје Штип се со цел да утврдиме колку кривични дела се завршени со правосилна судска одлука и како оди нивното докажување пред судот.

Субјектот на заштита е човекот, секое живо битие родено од жена. Заштита пак, на идниот живот е обезбедена со инкриминацијатана противправно прекинување на бременоста.

Заштитата на животот и телесниот интегритет на човекот како живо битие, започнува со раѓањето на човекот. Утврдувањето на овој факт е релативно за утврдување дали се работи за лишување од живот или противправно прекинување на бременоста. Преовладува мислењето дека процесот на раѓање треба да се сфати од почетокот на добивањето на породилни болки, се до започнување на процесот на раѓање, иако детето

сеуште не излегло од утробата на мајката. Притоа, не претставува услов за заштита, способноста на новороденчото за живот.[23]

Телесниот интегритет на човекот се штитат од раѓање до смрт. Кај овие кривични дела постои еден интерперсонален однос, помеѓу сторителот и жртвата. Претспоставката дека кај еден определен број на кривични дела, постои еден интерпероснален однос помеѓи сторителот и жртвата. Претпоставката дека кај еден определен број на кривични дела, постои некаков придонес на жртвата и дека од проучувањето на нејзината улога во извршувањето на делото можат да резултираат бројни сознанија, доведува до појавата на посебна дисциплина во рамките на криминологијата и виктимологијата.

Во главата на кривични дела против имотот што исто така ќе биде разработена во магистерската работа во делот на колку имаме пријавени настани од страна на сторително до правосилно завршени предмети и како одело докажувањето во сите фази од правосудните органи преставуваат кривични дела кој се систематизирани што преставуваат напад врз уставно загарантираното право на сопственост и другите имотни права.

Во оваа свера на заштита, Законот не оперира со свои посебни поими, туку се надоврзува на регулативата на овие односи во рамките на имотното право. Така поимот на имот се сфаќа како збир од субјективни права што му припаѓаат на субјектот во правото, правото на сопственост, други права врз стварите, облигационите права итн.

Овој групен објект на заштита кај најголем број на кривични дела е конретизиран како подвижни предмети (кражба, тешка кражба, разбојништво итн или само како предмет (оштетување туѓи предмети), или како определен предмет (одземање на моторно возило), односно како остварување право врс предмети или некој имотни интереси (оштетување туѓи права, осигурителна измама, измама при добивање кредит и друга погодност).

Делата од оваа глава можат да се класифицираат на повеќе подгрупи и тоа според намерата на сторителот, постојат дела што се вршат со намера за

[23] Вонреден.Проф.Д-р Тодор Витларов, Казнено право-Посебен дел со практични примери,Авторизирани предавања, Штип 2013 година, страна 9.

прибавување противправна имотна корист за себе или за друг и дела што се вршат без таква намера.

Во првата група како типични дела се сите видови на кражба, а во втората делата измамување на купувачи, оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем, правење и внесување на компјутерски вируси итн.

Според објектот на напад, делата можат да се поделат на: дела против сопственоста (дејствието на извршување се состои во одземање односно присвојување туѓ подвижен предмет) и дела против имотот воошто, имотните права и интереси (тоа се различни дела во врска со стејачот, изнуда, уцена, лихварство)

Основна карактеристика на овие кривични дела, по однос на субјективниот елемент, е дека сите се умислени. Субјективна страна кај повеќе дела е збогатена со посебна намера, за прибавување противправна имотна корист, за присвојување или за оштетување.

Друга карактеристика на овие кривични дела е воспоставениот посебен исклучок за кривичните дела: кражба, тешка кражба, затајување од став 3 одземање на моторно возило, злоупотребана довербата став 1 и прикривање, доколку се сторени спрема брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или спрема друго лице со кое сторителот живее во заедничко домаќинство, гонењето се превзема по приватна тужба.

Исто така кај кривичните дела од оваа глава, согласно чл.262 од Кривичниот законик ако сторителот го вратил предметот или ја надоместил штетата или на друг начин ги отстранил штетните последици на кривичното дело пред да дознае дека е откриен, може да се ослободи од казна.

	2017 година			2018 година			2019 година			2020 година		
Кривични дела против животот и телото	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**
,,Убиство чл.123				1	1	1				1	1	1
,,Убиство од благордни побуду" чл.124												
,,Убиство на миг" чл.125												
,,Тешка телесна повреда" по чл.131	4	4	3	7	7	7	4	4	4	4	4	7
,,Учество во тепачка" чл.132	1	1	1	5	5	13	1	1	2	1	1	1
,,Напуштање немоќно лице" чл.135												
,,Неукажување помош" чл.136												

Табела 1: Поднесени кривични пријави за кривични дела против животот и телото, СВР Штип

Согласно добиените податоци од СВР Штип за горенаведениот период можеме да заклучиме дека застапени кривични дела се ,,Убиство" по чл.23 од КЗ, ,,Тешка телесна повреда" по чл.131 од КЗ и ,,Учество во тепачка" по чл.132 од КЗ а најголем број на кривични пријави имаме во 2018 година односно имаме 5 пријави за 5 кривични дела за 13 сторители за кривично дело ,,Учество во тепачка" по чл.132 од КЗ, додека бројот за останатите дела е скоро ист за сите кривични дела за кој се има поднесен кривични пријави до надлежните обвинителства. Додека за 2017,2019 и 2018 година бројот на поднесени кривични пријави е ист.

Насилството и присуството на физичка агресивност претставува главен доминантен фактор за извршувањето на овие два вида кривични дела односно ,,Тешка телесна повреда" по чл.131 од КЗ и ,,Учество во тепачка" по чл.132 од КЗ. Поимот опфаќа физичка агресивност спрема одредена личност, т.е. е примена на физичка сила спрема физичкиот интегритет на друг, напад кој донесува повреда или загрозување на животот или телото, тешки малтертирања од физичка природа. Додека насилството претставува дрска и безобѕирна примена на физичка сила, противправно загрозување на човечкиот интегритет и други јавни добра и општествени вредности.[24] Овие два елемента се дефинитивно неопходни за извршување на овие на кривичните дела, а кривичното тело насилство како посебно инкриминирано кривично дело се разликува од овие кривични дела бидејќи насилството како кривично дело

[24] Асистент м-р Марјан Габеров, Феноменологија на криминалитетот на насилството, Август 2014 година, стр.4

претставува дејствие на сторување низ неколку определени облици на грубо навредување , малтретирање, загрозување на сигурноста или вршење на грубо насилство.Последицата на ова кривично дело е предизвикување на несигурност, загрозување или страв во јавноста додека за предметните кривични дела е нанесување на повреда на телесниот интегритет, односно тешко нарушување на здравјето кај друго лице.

	2017 година			2018 година			2019 година			2020 година		
Кривични дела против имотот	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**	**Кривични пријави**	**Кривични дела**	**Сторители**
,,Кражба" чл.235	70	78	24	52	67	18	79	104	25	69	79	11
,,Тешка кражба" чл.236	357	409	48	278	326	49	321	350	49	369	415	40
,,Разбојништво" чл.237	12	12	9	8	8	6	16	17	8	10	12	5
,,Разбојничка кражба" по чл.238	4	5	3	2	2	1	3	5	3	2	2	2
,,Затајување" чл.239				3	3	3				2	2	2
,,Одземање моторно возило" чл.242	6	6	10	14	16	15	23	23	12	29	30	13
,,Измама" чл.247	7	13	7	7	8	5	7	7	6	2	3	3

Табела 2:Поднесени кривични пријави за кривични дела против имотот,

СВР Штип

Во делот на кривични дела против имотот, од статистичките податоци добиени од СВР Штип бројот на поднесени кривични пријави најмногу изнесува за кривично дело ,,Тешка кражба “ од чл.236 од КЗ за 2020 година и тоа вкупно поднесени пријави 368 за 415 кривични дела од каде се опфатени 40 сторители на кривични дела. Можеме да забележеме дека во изминатите години бројот на поднесени кривични пријави за оваа кривично дело е малку пониско но значително најголем кога се однесува за кривичните дела против имотот. Во однос на другите кривични дела од ова подглавје од КЗ како доминантно кривично дело е и ,,Кражба” од чл.235 од КЗ каде најголем број на поднесени кривични пријави имаме во 2019 година и изнесува 79 поднесени пријави за 104 кривични дела и опфатени 25 сторители. Додека во другите периоди кои се опфат на истражување можеме да зебелеме благ степен на намалени пријави за оваа кривични дело. Во делот на другите кривични дела како што се ,,Разбојништво” од чл.237 од КЗ и ,,Разбојничка кражба” од чл.238 од КЗ има значително помал број на поднесени пријави од СВР Штип, но меѓутоа не можеме да го занемариме фактот дека овие две кривични дела претставуваат

по тешки кривични дела во однос на претходните две, бидејќи се разликуваат и по дејствијата на извршување на кривичното дело а и по висината на запретената казна. И за двете дела Разбојништво" од чл.237 од КЗ и ,,Разбојничка кражба" од чл.238 законодавецот предвидел казна затвор над 5 години и се води сооветна истражна постапка од страна на ОЈО. За останатите кривични дела ,,Кражба" од чл.235 од КЗ и ,,Тешка кражба " од чл.236 е предвидена казна затвор до 5 години каде по поднесената кривична пријава се води скратена постапка согласно одредбите на Законот за кривична постапка.

Во однос на другите кривични дела како што се ,,Затајување" од чл.239 од КЗ, ,,Одземање на моторно возило" од 242 од КЗ и ,,Измама" од чл.247 од КЗ се со помал број на поднесени кривични пријави, но не можеме да го заоставиме фактот дека исто така претставуваат сериозени кривични дела особено ако станува збор дека противправната добиена имтона корист од кривичното дело е од поголема или значителна вредност, законодавецот предвидел казна затвор над 5 години особено за кривично дело ,,Затајување" од чл.239 од КЗ и ,,Измама" од чл.247.

Имотните деликти сочинуваа посебна групација на кривични дела со посебна криминална етиологија и феноменологија. Нивната опасност произлегува од зачестеноста, инволвираноста на млади лица со извршување пред се на кражби од најразличен вид. Исто така, за истакнување е последицата од имотните деликти која се состои во материјална штета која во различни случаи се движи до значителна имотна корист. Дотолку повеќе што имотните деликти во основа значат повреда на имотот на граѓаните и правните лица и нивните права. Но, позначајно е да се истакне дека овие деликти ја јакнат несигурноста на граѓаните затоа што криминалците со влегување во нивните домови испраќаат порака со која се загрозува и нивната лична безбедност. Држава превзема мерки и активности за заштита на имотот која опфаќа не само мерки на граѓанското право, туку и низ репресивниот апарат преку примената на кривична санкција само кога има повреда или загрозување на имотот. Оваа заштита ги опфаќа умислените повреди или загрозувањата на имотот, а само во ретки случаи и небрежните.




Дијаграм 1:Поднесени обвиненија за кривични дела против животот и телото од ОЈО Штип

Во делот на поднесени обвиненија за периодот кој ни е предмет на истражување од страна на Основното јавно обвинителство можеме да забележеме дека најголем број на поднесени обвиненија имаме за кривично дело ,,Тешка телесна повреда" од чл.131 од КЗ а потоа следува и кривичното дело ,,Учество во тепачка" од чл.132 од КЗ а додека за потешките кривични дела е намален бројот на поднесени обвиненија. За кривично дело ,,Убиство" од чл.125 од КЗ како најтешко квалификувано кривично дело од оваа подглавје на Кривичниот Законик можеме да констатираме дека имаме само 2 поднесени обвиненија, додека за останатите кривични дела како што се убиство на миг, убиство од небрежност и немаме поднесени обвиненија. Исто така и за кривичните дела убиство од благородни побуди и неукажување помош ОЈО Штип не поднело обвинение, бидејќи согласно анализираните податоци можеме да заклучиме дека за сите кривчни дела за кое ОЈО Штип не постапувале и немале поднесено обвиненија е резултат на не поднесени

кривични пријави од страна на Секторот за внатрешни работи и приватни кривични пријави. Меѓутоа не изостанува и фактот дека Основото јавно обвинителство постапува и по допрен глас со тоа што оформува предмет и мора да ги истражи дејствијата за кое постои основано сомневање дека се сторени кривични дела. Кривичното дело ,,Тешка телесна повреда" од чл.131 од КЗ како најстапено кривично дело од ова поддглавје на КЗ за поднесени кривични пријави и поднесени обвиненија од страна на Обвинителството можеме да заклучиме дека бројот на поднесени обвиненија изнесува повисок од поднесени кривични пријави, бидејќи имаме 24 обвиненија со 24 поднесени кривични пријави од страна на СВР Штип. Меѓутоа ова е од фактот што покрај поднесените кривични пријави од СВР Штип имаме и поднесени приватни кривични тужби од страна на физички лица па затоа и бројот на обвиненија е повисок од поднесените кривични пријави од страна на Секторот за внатрешни работи Штип.За кривично дело ,,Учество во тепачка" од чл.132 бројот на кривични пријави од страна на СВР Штип изнесува 8, додека поднесените обвинанија е од страна на ОЈО е помал и изнесува 7 обвиненија со што не изостанува фактот дека помалиот број на поднесени обвиненија е резултат дека Обвинителството кривичната пријава поднесена за ова кривично дело по испитување на сите околности ја префалифилувало во друго кривично дело или со решение ја орфлило кривичната пријава. Во врска со кривичното дело ,,Убиство" од чл.123 од КЗ можеме да заклучиме дека бројот на поднесени кривични пријави е ист со поднесените обвиненија од страна на ОЈО Штип.

Зголемените поднесени кривични пријави не мора да значи секогаш дека истите ќе завршат соодветно со обвинение од страна на Обвинителството. По поднесената кривична пријава надлежниот јавен обвинител секогаш мора да испита по службена должност дали постојат елементи на кривично дело и дали доказите со кои е поткрепена кривичната пријава произлегува основано сомневање дека лицето против кое е поднесена пријава е сторител на кривично дело. Често постои во пракса при поднесувањето на пријава, истата може да не биде уредно поднесено поради недостаток на процесни елементи во пријавата и да биде отфрлена со решение од страна на надлежниот обвинител. Поднесувањето на кривични пријави претставува и зголемување на работата на обвинителството, но тие сепак мора да бидат издржани и

поткрепени со соодветни докази бидејќи не можеме да го занемариме и фактот дека Обвинителството при испитувањето на наводите во пријавата и преземањето на истражни дејствија троши соодветни човечки и материјални ресурси и истите треба да бидат искористини рационално и во корист на самата истрага.



Дијаграм 2:Поднесени обвинениј за кривични дела против имотот од ОЈО Штип

За кривичните дела против имотот најзастапено кривично дело за поднесени обвинениј од страна на ОЈО ни претставува ,,Кражба" од чл.235 од КЗ, а исто така го имаме и кривичното дело ,,Тешка кражба" од чл.236 од КЗ. Согласно анализираните податоци можеме да заклучиме дека овие две кривични дела се најчесто застапени во целиот период кој ни е предмет на анализа како во делот на поднесени кривични пријави така и во поднесувањето на обвинение од страна на Основното јавно обвинителство Штип. Во однос на останатите кривични дела од ова поддглавје се исто така и ,,Разбојништво" од чл. 237 од КЗ и ,,Разбојничка кражба" од чл.238 од КЗ.

За разлика од кривичните дела против животот и телото каде бројот на поднесени кривични пријави во најголем дел се совпаѓаше со бројот на поднесени обвинениja, овде имаме ситуација каде бројот на сите поднесени кривични пријави е поголем со бројот на обвинениja. Па така илустративно за кривично дело ,,Тешка кражба" од чл.236 од КЗ имаме поднесено 1.325 крвични пријави а само 205 обвинениja за неведениот период, додека за кривичното дело ,,Разбојништво" од чл.237 од КЗ СВР Штип имам поднесено 46 кривични пријави а ОЈО има поднесено само 15 обвинениja. Иста ситуација имаме и за останатите кривични дела за кои е поднесено обвинениja,а разликата на помалиот број на поднесени обвинениja е како што е наведено дека поднесени кривични пријави не мора да значи секогаш дека истите ќе завршат соодветно со обвинение од страна на Обвинителството и за останатите причини кои се погоре образожени. Имаме и ситуација каде Обвинителството може да се спогоди со осомниченото лице/а каде лицето кое е осомничено може да ја признае вината во фаза на истрага пред самиот обвинител и да се спогодат за видот и висината на кривичната санкција и доколку се има материјална штета истата да се надомести. Меѓутоа ваквата предлог спогодба треба да биде потврдена од страна на судот, испитува дали осомниченият знае за што се спогодил и дали спогодбата е склучена по негова волја односно не претпрел било каков страв и притисок за истата.

Кривични дела против животот и телото	Осудителни пресуди	Ослободителни пресуди	Одбивателни пресуди
Убиство по чл.123	2	0	0
Убиство од благордни побуди по чл.124	0	0	0
Убиство на миг по чл.125	0	0	0
Убиство од небрежност по чл.126	0	0	0
Тешка телесна повреда по чл.131	23		1
Учество во тепачка по чл.132	3	0	0
Напуштање на немоќно лице по чл.135	0	0	0
Неукажување помош по чл.136	0	0	0

Табела 3: Преглед на податоци на донесени пресуди од Основен суд Штип за кривични дела против животот и телото за период од 2017-2020 година

Во делот на работата на Основниот суд во Штип за кривичните дела кој се однесуваат против животот и телото за периодот кој ни е предмет на анализа од 2017 до 2020 година можеме да констатираме дека бројот на завршени предмети и најголем број на пресуди имаме кај кривично дело ,,Тешка телесна повреда" од чл.131 од КЗ, исто како што беше ситуација и кај бројот на поднесени кривични пријави од СВР Штип и поднесени обвинениј од страна на Основното јавно обвинителство Штип. Можеме да заклучиме дека по бројот на поднесени обвинениј од страна на ОЈО Штип за наведениот период за ова кривично дело изнесува 23 обвинениј а додека бројот на пресуди кој се донесени од страна на Основен суд Штип се 24 пресуди каде имаме во најголем дел совпаѓање на поднесени обвинениј и донесени пресуди од страна на правосудните институции. Иста е и ситуацијата и за кривично дело ,,Убиство" од чл.123 од КЗ имаме поднесено 2 обвинениј од страна на ОЈО Штип и се има донесено 2 пресуди од страна на Основен суд Штип. За кривично дело ,,Учество во тепачка" по чл.132 од КЗ имаме поднесено 7 обвинениј од страна на ОЈО а само 3 донесени пресуди од страна на основен

суд Штип каде бројот на малиот број на пресуди се должи на незавршени предмети од страна на судот или запрени кривични постапки.

За останатите кривични дела од подглавјето на кривични дела против животот и телото од досегашните прибрани и обработени податоци можеме да констатираме дека за кривичните дела ,,Убиство од благородни побуди" по чл.124 од КЗ, ,,Убиство на миг" по чл.125 од КЗ, ,,Убиство од небрежност" по чл.126 од КЗ, ,,Напуштање на немоќно лице" по чл.135 од КЗ и ,,Неукажување помош" по чл.136 од КЗ не се поднесени кривични пријави а со тоа не се поднесени ниту обвинението кое е показател дека имаме застапеност само на одредени кривични дела како што се ,,Тешка телесна повреда" по чл.131 од КЗ и во мал процент ,,Учество во тепачка" по чл.132 од КЗ чие извршување на овие кривични дела можеме да ги бараме во средината во која човекот како идивидуа живее и се развива а со тоа и неговите навики и начин на неговото дејствување. Скоро е неспорен фактот дека современиот човек живее во свет на насилство кое врз поединецот се врши многу помасовно, многу почесто, побрутално, поперфидно од било кога порано.

Укажувањето дека насилството односно давањето на прекумерната физичка сила, е присутен помеѓу нас во големи размери, не смее да не направи немоќни, туку напротив мораме да станеме посилни од кога било, и со сите расположливи средства да се обидеме да му се спротиставиме. Иако се зборува за демократија и хумани односи сепак во практиката доминира силата како средство за контролирање на комуникациите и односите меѓу државите и меѓу луѓето. Поединецот е растргнат помеѓу своите желби и туѓите забрани, со што можноста за неговото бунтовништво и незадовлоство останува постојано отворена.

Кривични дела против имотот	Осудителни пресуди	Ослободителни пресуди	Одбивателни пресуди
Кражба од чл.235	88	1	7
Тешка кражба од чл.236	202	1	5
Разбојништво од чл.237	15	0	0
Разбојничка кражба по чл.238	3	0	1
Затајување по чл.239	13		1
Одземање на моторно возило по чл.242	16	0	0
Измама по чл.247	17	1	1

Табела 4: Преглед на податоци на донесени пресуди од Основен суд Штип за кривични дела против имотот за период од 2017-2020 година

Согласно анализираните податоци за донесени пресуди од Основен суд Штип за кривични дела против имотот за период кој ни е предмет на анализа од 2017 година до 2020 година можеме да констатираме дека најголем број на донесени пресуди се за кривично дело ,,Тешка кражба “ по чл.236 од КЗ и тоа 208 пресуди од кои 202 осудителни, 1 ослободителна и 5 одбивателни пресуди. Во делот на поднесени обвиненија од ОЈО Штип за кривични дела против имотот можеме да потврдиме дека податоците од поднесени обвиненија во најголем број се совпаѓаат со донесените пресуди од страна на првостепениот суд. Па така за кривично дело ,,Разбојништво” по 237 од КЗ имаме поднесено 15 обвиненија и донесени 15 пресуди со што се потврдува ажурноста на судот за постапување по предметите на овие кривични дела. Иста ситуација имаме и кај криивчно дело ,,Одземање на моторно возило” по чл.242 од КЗ каде имаме поднесено 16 обвиненија од страна од ОЈО Штип и донесени 16 пресуди од прв степен. За остатанатите кривични дела од ова подглавје од КЗ имаме помал број на донесени пресуди од страна на првостепениот суд каде мој заклучок на ова прашање е незавршени предмети или запрени кривични постапки исто како и кај предметите кривичните дела против животот и телото каде судот има донесено помал број на донесени пресуди во однос на поднесени обвиненија од страна на ОЈО Штип.

Судењето во разумен рок е процесен идеал што го моделира процесниот и пошироко судскиот систем на една земја. Како регулативно правило со висок степен на апстракција стандардот судење во разумен рок претставува процесно начело – насока по која треба да се движи законодавецот при креирање на процесните правила, но и насока за судот при нивна примена. Од перспектива на титуларите на правата, стандардот го агрегира и нивното легитимно право, постапката за заштита на правата да заврши во време што исклучува непотребни одложувања.

Правото на судење во разумен рок во суштина претставува право на странката да и се даде ефикасна правна заштита, така што постапката да се спроведе без поголеми одлагања за што е можно пократко време. Во согласност со ова начело двете странки се должни да настојуваат постапката да се заврши без одлагање во разумен рок.[25] За остварување на правото на странките за судење во разумен рок постои обврска и на судот да користи процесни овластувања кои според Законот за парничната постапка му припаѓаат, како и да ги преземе сите мерки кои му стојат на располагање за управување со постапката, се со цел постапката да се спроведе брзо и без оддолжување. Спроведувањето на постапката без поголеми оддолжувања и решавањето на споровите во разумен рок е во интерес и на странките и на судот.

Непочитувањето на погоре наведените рокови предвидени во нашето законодавство во однос на работните спорови е видно низ многубројната пракса на Европскиот суд за човекови права, кој во повеќе наврати констатирал повреда на правото на судење во разумен рок од страна на нашата држава. За да може судот да потврди дека судењето било во неразумен рок, времетраењето на постапката мора да биде проценета во поглед на околностите на случајот, притоа судот ги зема предвид следниве критериуми: комплексноста односно сложеноста на предметот, однесувањето на жалителот и на соодветните институции и засегнатиот интерес на жалителот во спорот.

[25] Водач за член 6 од Европската конвенција за човекови права, Право на правична судска постапка (кривичен аспект), стр.36

Кривични дела против животот и телото	Потврдени пресуди	Преиначени пресуди (со санкција)	Укинати пресуди
Убиство по чл.125	8	2	7
Убиство од небрежност по чл.126	0	1	0
Тешка телесна повреда по чл.131	30	12	12
Учество во тепачка по чл.132	2	0	1

Табела 5: Преглед на податоци на решени предмети од Апелационен суд Штип за кривични дела против животот и телото за период од 2017-2020 година

Согласно добиените податоци на решени предмети од страна на Апелациониот суд Штип за кривичните дела против животот и телото можеме да констатираме дека имаме најголем број на предмети кај кривично дело ,,Тешка телесна повреда" од чл.131 од КЗ и тоа во најголем дел се потврдени пресуди каде бројот изнесува 30 предмета, а исто така што не можеме да го занемариме фактот е тоа што имаме и голем број на преиначени и укинати пресуди каде бројот на преиначени предмети е 12 предмети со 12 укинати предмети. Овој број на преиначени пресуди во делот на кривичната санкција според моето анализирање е многу висок бидејќи првостепениот суд не ја одмерил правилно кривичната санкција согласно отежнителните и олеснувачките околности, а во делот на укинати предмети бројот е исто така значително голем бидејќи имаме повеќе основи за укинување на пресуда а како најзначајни се погрешно утврдена фактичка состојба или направени суштествени повреди во постапката.

Во споредба со досегашното анализирање на правосудните институции во Штип како што се СВР Штип, Основно јавно обвинителство Штип и Основен суд Штип за кривично дело ,,Убиство" од чл 123 од КЗ каде имавме само 2 поднесени кривични пријави а потоа и поднесени обвиненија и донесени пресуди по истите, ситуацијата на Апелационото подрачје во Штип е сосема поинаква, каде бројот на предмети по оваа инкриминација е доста висок каде бројот на потврдени пресуди и укинати пресуди за кривично дело ,,Убиство" од чл.123 од КЗ па и скоро изедначени бидејќи имаме 8 потврдени предмети и 7 укинати предмети, а бројот на преиначени предмети е сосема мал и изнесува само 2 предмета.

Како што можеме за констатираме во досегашните анализи, во работата на СВР Штип како и на ОЈО Штип и Основен суд Штип немавме ниту поднесени пријави како и поднесени обвинениија и донесени пресуди за кривично дело ,,Убиство од небрежност" од чл.126 од КЗ, меѓутоа во работата на Апелациониот суд во Штип за периодот кој ни е предмет на анализа можеме да забележеме дека и оваа инкриминација ја имало како предмет но поради фактот што Апелациониот суд во Штип опфаќа поголем број на други подрачја.

Ситуацијата е сосема поинаква за кривичното дело ,,Учество во тепачка" од чл.132 од КЗ каде согласно досегашните податоци можеме да забележеме имавме бројка на 8 поднесени кривични пријави од страна на СВР Штип, 8 поднесени обвинениија од страна на ОЈО Штип и 3 донесени пресуди од страна на Основен суд Штип. Меѓутоа во работата на Апелациониот суд Штип имаме само 3 предмета, каде 2 предмета се потврдени и 1 предмет е укинат но можеме да забележеме дека имаме помал број на предмети во работа на овој суд за разлика од другите правосудни институции каде постапувале по поголем број на пријави и обвинениија за оваа кривично дело. Причината зошто имаме помал број на предмет за работа во Апелациониот суд во Штип е поради фактот што странките по донесувањето на пресудата во прв степен, не поднеле жалба до повисокиот суд а со тоа првостепената пресуда се потврдува.

Меѓутоа во практиката се почести се прекршоците против јавниот ред и мир, како што се: учество, предизвикување или поттикнување тепачка, физички напад и слично па така полицијата често поднесува и прекршочни пријави согласно Законот за јавниот ред и мир. Доколку сторителот одговара согласно овој закон за предметниот прекшок истиот не може и кривично да одговара за истото а во смисла на нечелото non bis in idem кое претставува суштинско важно начело во кривичното право бидејќи се забранува повеќекратно судење на исто лице за исто дело за кое тој претходно бил правосилно осуден.

Кривични дела против имотот	Потврдени пресуди	Преиначени пресуди (со санкција или ослободителна)	Укинати пресуди
Кражба по чл.235	30	10	13
Тешка кражба по чл.236	77	23	14
Разбојништво по чл.277	13	1	3
Разбоничка кражба по чл.238	3	3	0
Затајување по чл.239	14	1	4
Одземање на моторно возило по чл.242	4	2	1
Измама по чл.247	32	5	13

Табела 6: Преглед на податоци на решени предмети од Апелационен суд Штип за кривични дела против имотот за период од 2017-2020 година

Во споредба со кривичните дела против животот и телото каде ги имавме во помал број за работа во Апелациониот суд Штип, ситуацијата е сосема поинаква со кривичните дела против имотот каде согласно анализираните податоци се најчесто застапени и кај другите правосудни институции за периодот кој ни е предмет на анализа. Исто како и кај другите институции во однос на поднесени пријави од СВР Штип, поднесени обвинениј од ОЈО Штип и донесени пресуди од страна на Основен суд Штип, и во работата на Апелациониот суд во Штип најголем број на предмети од ова подглавје на кривични дела е делото ,,Тешка кражба" од чл.236 од КЗ каде имаме 77 потврдени пресуди, 23 пресуди кој се преиначени и 14 укинати пресуди. Но она што е значително е да се напомене дека за разлика од претходната анализа за кривични дела против животот и телото каде судот во делот на преиначени предмети извршил само преиначивање во делот на кривичната санкција односно ја намалил или ја зголемил истата, во овој дел од анализата имаме предмети како судот извршил преиначивање на пресудата

како во делот на кривичната санкција но и извршил преиначување каде од осудителна донел ослободителна пресуда.

И кај кривично дело ,,Кражба" од чл.235 од КЗ имаме висок процент на потврдени предмети, но исто така бројот на преиначени предмети и укинати предмети е многу висок и тоа имаме 10 преиначени предмети и 13 укинати предмети, што значи дека првостепениот суд не ја одмерил правилно кривичната санкција или погрешно ја утврдил фактичката состојба и сторил суштествени повреди во постапката.

Воедно мора да се напомене и фактот дека кога веќе имаме предмет со исти или слични околности и истиот е потврден од страна на Апелациониот суд или дадено напатствија од претходно укинување, првостепениот суд треба да се раководи согласно тие насоки и укажување за да имаме правилна утврдена фактичка состојба а исто така ќе се намали и бројот на укинати или преиначени предмети од страна на повисокиот суд.

Во однос на другите кривични дела од ова подглавје застапеноста е иста исто како и во работата кај другите институции во однос на предмети, каде имаме поголем број на потврдени кривични пресуди а бројот на преиначени и укинати пресуди е сосема мал за разлика од најзастепните кривични дела како што се ,,Тешка кражба" од чл.236 од КЗ и ,,Кражба" од чл.235 од КЗ .

Согласно целокупното анализирање на статистичките податоци кој ни се предмет на анализа и работа на оваа магистерска работа, можеме да констатираме дека кога станува збор за кривични дела против имотот покрај кривичното дело ,,Тешка кражба" од чл.236 од КЗ и кривично дело ,,Кражба" од чл.235 од КЗ се во најголем број на предмети и извршени кривични дела не само во Апелациониот суд Штип туку и во претходните институции, а причината како што е погоре споменато можеме да ја бараме во социо-економските фактори во општеството меѓутоа и во навиките кој ги стекнуваме со текот на животот.

14.Правна анализа на постапувањето на правосудните институции за решање на предмети од судска надлежност

Во втората теза на истражување на магистерската работа го имаме работењето на правосудните институции во делот на собирањето на докази од моментот на пријавување на кривичното дело па се до работата на обвинителството и судот се со цел да дадеме одговор на тезата кои докази ја имаат најголемата тежина и веродостојност и дали истите ја докажуваат вината кај сторителот на кривичното дело. Најважен сегмент за секоја кривична постапка е нејзиното започнување од моментот на пријавување на кривичното дело до надлежните институции. Најчесто кривичните дела се пријавуваат во Секторот за внатрешни работи кои истите постапуваат по тие кривични пријави и со корелација со Основното јавно обвинителство ги собираат доказите и испитуваат дали има елементи на кривично дело. Кривичната пријава може да се поднесе и до Сектор за внатрешни работи кои истата ја доставуваат до матичните обвинителства за понатамошно постапување. Во Законот за кривична постапка се формирани соодветни Истражни центри во обвинителствата а тоа се Секторот за внатрешни работи кои согласно Законот се нарекува правосудна полиција кои работат под насоки и наредби од страна на обвинителите се со цел превземање соодветни дејствија и активности во скалд на нивните ресурси и можности за собирање и анализа на доказниот материјал.

Новини во ЗКП покрај формирање на Истражни центри во обвинителството кои треба да се екипираат кадровски и материјално за работа, како и Правосудна полиција се и соработката на обвинителството со овие Истражни центри бидејќи обвинителството и не е секогаш во можност сами да се сносат со теретот на собирање на докази и докажување на делото без соработка со истражителите. Иако кај полицијата субјектите за работа постојат, ќе се утврди освен крим-полиција кои други служби влегуваат во составот на правосудна полиција од причини што по однос на гонење и откривање на делата и сторителите истите служби ќе имаат блиска соработка и по дефиниран однос со јавниот обвинител.

Правосудната полиција во истражните центри најпрво дејствува во фазата на претходно прибирање известувања, податоци повеќе отколку, во

истражната постапка каде што дејствијата ги презема непосредно јавното обвинителство, иако правосудната полиција може да му помага. Ова не значи дека правосудната полиција во истражните центри не може да работи и во фазата на откривање и пријавување, во случаите кога обвинителството самото ќе дознае за сомневања дека е сторено кривично дело (непосредно забележување, глас, ноторност и сл.)[26]

Правосудна полиција се полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривањето на кривичните дела.

Изразот полиција во ЗКП се употребува како општ назив за правосудната полиција, и за припадниците на полицијата во смисла на Законот за полицијата, како и припадниците на Воената полиција;

Експертите кои работеле на новиот Закон посветиле големо внимание на односот помеѓу полицијата и јавното обвинителство во претходната постапка и од моделите што беа на располагање од аспект на споредбеното право го имаат одбрано италијанскиот модел како единствен во кој е обезбеден инструментариум за вистински раководна улога на јавното обвинителство.

Заради ефикасно спроведување на кривичната постапка, на јавниот обвинител по потреба и по негова наредба ќе му бидат доделени на работа службеници од МВР, ФП и ЦУ. Службениците доделени на јавниот обвинител исклучиво му се на располагање на јавниот обвинител, работат под негова контрола и надзор, ги почитуваат и извршуваат неговите наредби, работат согласно со неговите насоки и упатства и за својата работа му одговараат на јавниот обвинител.

Во врска за работата на Правосудната полиција во делот на нивните надлежности и постапување за собирање и обезбедување на докази за докажување на вината на сторителите на кривични дела, направив интервју со истражител-инспекторт Ирена Зафирова на ден 08.10.2021 година за повеќе околности кој се однесуваат на делокругот на нејзиното работење.

[26] Бужароска Г., Ре Д., Карнасас М., (2010): Истражни дејствија : прирачник за практичари, Скопје стр. 264.

По примањето на кривичната пријава која е постапката на полицското работење во која истата одговори дека во услови за увид се излегува на лице место по добиени сознанија дека е извршено кривично дело, се извршуваат криминалистичко-технички работи на местото на настанот а исто така се врши и фотографирање и земање на траги и предмети за истите да бидат предадени на соодветно вештачање од страна на вешти лица. Се прави исто така анкетирање на граѓани, обезбедување на сведоци, прибирање на оперативни сознанија за можни сторители,пронаоѓање и нивно приведување.

Во делот на прашање за кои истражни дејствија (полициски извиди) се превземаат за собирање на докази истата одговори дека најчести дејствија се увид на лице место, предавање на предмети и траги на вештачење и нивно изготвување од страна на лиценцирани вешти лица, препознавање на лица и предмети.

Кои мерки се превземаат кон жртвата на кривичните дела против животот и делото истата одговори дека во зависност од кривичното дело е да се заштити жрвата од сторителот и се спроведува лекарски преглед каде ќе се утврди видот и карактерот на повредата. Доколку се работи за кривично дело од сексуални деликти се врши лекарски преглед по наредба од страна на јавен обвинител од страна на судски медицински лица каде истите изготвуваат соодветни медицински вештачења во зависност од областа за кој се лиценцирани како вешти лица.

За интитуационалната соработка на правосудната полиција односно дали имаат соработка со останатите институции за обезбедување докази на законит начин инспекторката одговори дека имаат соработка во другите институции и тоа во зависност од кривичното дело имаат соработка со повеќе институции како што се здравство, Управа за јавни приходи, Центар за социјална работа, образование.

По завршувањето на истражната постапка од нивна страна и обезбедувањето на потребните докази како продолжува кривичната постапка понатаму,инспекторката наведе дека следува кривична пријава против сторителот на кривичното дело или непознат сторител до Јавното обвинителство. Во случај кога по превземени мерки се утврди дека нема

кривично дело, за истото писмено се известуваат Основното јавно обвинителство и пријавениот а кривичниот правен настан се дерегистрира. Во делот на фаќање на сторителот на кривичното дело, во некои случаи може да се направи препознавање на сторителот пред јавен обвинител од страна на оштетениот или можни сведоци. Исто така се прават и соодветни претреси и одземање на предмети по добиени судски наредби а се со цел пронаоѓање на предмети кои потекнуваат од кривичното дело и расчистување на кривичниот правен настан.

И покрај нагласувањето во законите дека раководна улога во претходната постапка има јавното обвинителство, полицијата има задржано голема автономија во истражувањето на кривичните дела, а не е претерано да се каже и тоа дека полицијата има монопол врз истражните капацитети, а јавното обвинителство не успева да оствари ефективна контрола врз законитоста на работата на полицијата и другите органи со посебни овластувања.

Од друга страна, не треба да се заборави традиционалниот негативен став кон доказите собрани од полиција, кои во поранешна Југославија и државите произлезени од неа не се третираат како валидни докази.

Во регионот беше вообичаено полицијата сама да одлучува кога, како и колку ќе ја информира јавноста за полициските истраги и кривичните пријави. Покрај проблемите на презумпцијата на невиност, тоа создава тензија а не ретко и притисок врз работата на обвинителството и судот.[27] Денес сè уште не постојат јасни правила за тоа како треба да се известува за кривичните постапки и како треба да се реши судирот помеѓу спротивставените интереси за ефикасна истрага од една страна, заштита на презумпцијата на невиност, приватноста и правото на фер судење од друга, и конечно битниот интерес за информирање на јавноста, но и интересот за обзнанување на докази и материјали за криминал и корупција.

[27] Гордан Калајџиев,Гордана Лажетиќ,Лидија Неделкова,Маја Денковска,Мери Тромбева, Тодор Витларов, Павлина Јанкуловска, Дењо Кадиев,Коментар на законот за Законот за кривична постапка, Ноември 2018 година, 13-14 страна.

Јавниот обвинител е субјект во кривичната постапка кој ги застапува интересите на граѓаните оштетени од извршувањето на кривични дела кои се гонат по службена должност. Своите работни задачи ги извршува самостојно согласно Уставот и законите на Република Македонија, како и согласно меѓународно ратификуваните договори. Почитувајќи ја правната регулатива јавниот обвинител има обврска функцијата да ја врши законито, непристрасно и објективно, да ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти.

Јавниот обвинител ја има улогата како раководител на истрагата, поради тоа потребно е да го следи работењето на полицијата и другите државни органи при преземањето дејствија во предистражната постапка. Пред сè се мисли на чинот на прибирање на доказите кои потребно е да бидат прибавени согласно законските овластувања и норми. Добиените докази на начин надвор од законската регулатива и повредувајќи ги правата и слободите на граѓанинот не се од полза за јавниот обвинител во понатамошната кривична постапка.

Во случај на воочени недоследности во работењето, пречекорување на службените овластувања и повреда на принципите на работата, употреба на огнено оружје и слично, јавниот обвинител може да преземе законски определени мерки.[28] На овој начин се докажува залагањето на јавниот обвинител за заштита на уставноста и законитоста.

Јавното обвинителство е должно да постапува по сите кривични пријави доставени до него, независно дали тие се од државна институција, правно лице или граѓанин. Голем дел од поднесените кривични пријави се невистинити или пак немаат елементи на кривично дело кое се гони по службена должност.

Познато е дека полицијата како и другите органи надлежни за откривање на кривичните дела доставуваат кривични пријави до јавното обвинителство. Во новиот модел на кривичната постапка на јавниот обвинител му се дадени законски можности за проверка на наводите во кривичната пријава, во текот на предистражната постапка.

[28] Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., (2011) "Кривично процесно право" (Второ изменето и дополнително издание), Скопје, стр 109-110.

Проверките јавниот обвинител најчесто ги врши преку полицијата или други органи надлежни за откривање на кривични дела, т.е. правосудната полиција. За да започнат со ваквите проверки службените лица од правосудната полиција претходно мора да добијат наредба од јавниот обвинител, кој во наредбата дава насоки на кој начин да се извршат проверките. Исто така при вршењето на овие дејствија на службените лица може да присуствува и јавниот обвинител. Правосудната полиција податоците од извршените проверки на јавниот обвинител му ги доставува најдоцна во рок од 30 дена од приемот на наредбата. Кога се работи за тешки кривични дела, кои се извршени од повеќе лица или од организирана криминална група.Споменатиот рок на доставување на податоците од извршените проверки може да биде надминат, а за тоа ќе се побара согласност од јавниот обвинител.

Јавниот обвинител проверките од пријавените кривични дела може да ги изврши лично, преку непосреден разговор најпрво обавен со пријавителот, а потоа и со други лица кои би можеле да ги потврдат или негираат наводите во кривичната пријава. Овие лица можат да бидат искористени и како сведоци во понатамошната кривична постапка.

При испитување на сведоци во претходна постапка, предвидена е можноста за снимање на испитувањето на сведокот.[29] Во случај кога се работи за испитување на лице на возраст помало од 16 години снимањето на разговорот е задолжителен, како и во случај кога постои опасност дека сведокот за настанот може да не присуствува на главната расправа.

За потребите на оваа теза од магистерската работа беше извршено интервју со јавен обвинител Билјана Тошева Анакиева на ден 29.09.2021 година од Основното јавно обвинителство-Штип во делот на собирањето на доказите а се со цел докажувањето на вината на сторителот пред надлежниот суд.

Во делот на кои истражни дејствија се превземаат во истражната постапка обвинителката децидно одговори дека од истражни дејствија во постапката најчесно се издаваат наредби за вештачење, се врши увид на лице

[29] Член 225 од ЗКП „Службен весник на Република Македонија“ број 150 од 06.12.2010 година.

место, се сослушуваат сведоци и осомничени лица а се издаваат и соодветни наредби за претреси.

За доказите и нивната веродостојност во делот на покренување на обвинение и нивното докажување пред судот обвинителката одговори дека најверодостојни докази со најголема доказна вредност претставуваат материјалните докази, меѓутоа не можеме да ги занемариме и вербалните докази во зависност на видот на кривичното дело.

Дали при водењето на истражната постапка се запазуваат роковите за покренување на обвинение или се случува да се бара продолжување на рокот на водењето на истражната постапка обвинителката одговори дека генерално роковите се запазуваат, а во исклучок во случаи кога е потребно подолго време на вештачање и неможноста за сослошување на обвинетиот или сведоци поради неуредна достава или недостапност се бара продолжување на роковите за истражната постапка во Вишото јавно обвинителство Штип.

Како надлежен јавен обвинител на кои околности најмногу се посветува внимание за докажување на вина кај обвинетиот пред судот односно дали повеќе и одат на обвинителството материјалните или вербалните докази каде истата одговори дека најмногу одат во корист материјалните докази бидејќи се потешко променливи и имаат поголема релевантност во однос на вербалните докази.

За околноста дали Основното јавно обвинителство Штип имаат соработка со останатите јавни обвинителства за превземање на истражни дејствија на друго подрачје се со цел обезбедување докази на законит начин обвинителката одговори дека многу ретко имале такви ситуации, бидејќи смета дека како раководен орган во фазата на истрагата треба непосредно да биде запозната со сите истражни дејствија.

Во покренатите обвиненија од нивна страна дали имало случаеви пред судот сведоците да го променат исказот даден пред надлежен јавен обвинител во истражна постапка а со тоа да се промени текот на кривичната постапка и докажувањето од нивна страна обвинителката ми одговори дека имало неколку случаеви до сега каде сведоците го промениле исказот пред судот а во фазата на истрагата дале сосема поинаков исказ и против истите се поднеседни

соодветни обвиненија за кривично дело ,,Давање на лажен исказ” од чл.367 од КЗ.

Во предметите при постапување колку имале потреба од меѓународна правна помош истата одговори дека многу ретко и била потребна меѓународна правна помош при нејзиното работење како јавен обвинител, претежно и е потребно во случаи покренати во прибавување на докази од социјални мрежи.

Јавниот обвинител по поднесената кривична пријава може да не покрене постапка, кога за кривичното дело е предвидена казна затвор под три години или парична казна, ако осомничениот се покае и преземал мерки за спречување на штетните последици или ја надоместил материјалната штета. Исто така одлука за не продолжување на постапката јавниот обвинител може да донесе во случај кога во Кривичниот законик е предвидена можност сторителот на кривичното дело судот да биде ослободен од казна, тогаш јавниот обвинител ќе оцени дека пресудата без кривична санкција не е потребна. Кога осомничениот е член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, доброволно соработува, а таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштинско значење за кривичната постапка, тогаш таа постапка против тоа лице може да биде запрена.

Во случај кога јавниот обвинител ќе оцени дека постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, ќе донесе наредба за спроведување на истражна постапка. Во текот на истражната постапка треба да собере докази и податоци кои му се потребни да одлучи дали ќе поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење.

Подобрената соработка помеѓу полицијата и јавниот обвинител е основен белег на истрага во новиот модел на кривичната постапка. Јавниот обвинител е тој кој што раководи со целокупната истражна постапка, поради тоа полицијата, како и другите органи кои можат да помогнат во расветлувањето на делата се должни навремено да го информираат јавниот обвинител за преземените мерки.

Главна улога во текот на кривичната постапка има судот, каде врз основа на предложените докази од страна на странките во постапката донесува пресуда со кое се утврдува дали обвинетиот во кривичната постапка е виновен за кривичното дело кое му се става на товар а доколку се утврди дека е виновен му се одредува санкција во рамките определени со Закон. Судот при водењето на постапката од моментот на нејзиното започнување до нејзиното завршување мора да води сметка за начелото за еднаквост за оружјата.

Во врска со улогата на судијата во доказната постапка за правата на одбраната во согласност со начелото за еднаквост на оружјата на денешното советување беше истакнато дека во смисла на чл.6 од ЕКЧП, судовите во РМ треба да овозможат рамноправност на странките, што значи дека секоја страна мора да добие разумна можност да го презентира својот случај под услови што не ја стават во понеповолна положба наспроти спротивставената страна.[30]

Лицето, пак, обвинето за кривично дело има право во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд, во контрадикторна постапка, да може да ги оспорува обвиненијата против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана. Судот, преку претседателот на Советот, е должен да се грижи за достоинството на обвинетиот и за остварување на неговите права во текот на постапката.

Во текот на главната расправа, судот е должен да го поучи обвинетиот за неговите права и обврски во текот на постапката. Доколку, пак, обвинетиот не го разбира обвинението, судот е должен накратко да му ја изнесе неговата содржината на начин најразбирлив за него. Исто така, судот е должен да го поучи обвинетиот за правните последици од изјавата за признавање на вина.

Во текот на постапката, одбраната има право да бара податоци, известувања и документи, да биде известена од Јавното обвинителство за сите истражни дејствија, да предложи доказно рочиште.

[30] Превземено од https://akademik.mk/ednakvost-na-oruzhjata-i-ramnopravnost-na-stranite-vo-postapkite-se-kluchni-printsipi-za-pravichnoto-sudene/, 30.05.2017 година.

Странките треба да се многу активни и умешни во прибирањето на доказите за поткрепување на својата „теорија на случај“, особено јавниот обвинител, на кого е товарот на докажување, кој, пак, во согласност со својата професионална етика треба да му овозможи на судот да донесе праведна одлука, а не осудителна пресуда.

Ова е значајно од причина што доколку јавниот обвинител не достави докази со кои се докажува вината надвор од разумно сомневање, на судот, кој има ограничена доказна иницијативност, му преостанува само да донесе ослободителна пресуда.

За правично судење, потребно е и суштинско почитување на принципот на еднаквост на оружјата кој е дел од еден поширок концепт на правично судење во смисла на чл.6 ст.1 од ЕКЧП. Тоа подразбира фер баланс помеѓу странките: секоја страна треба да добие разумна можност да го презентира својот случај под услови кои не ја ставаат во понеповолна положба наспроти спротивставената страна.

За анализа на тезата на магистерската работа беше направено интервју на ден 29.09.2021 година со судиите кривичари Невена Перица, Јулијана Недкова и Ѓорѓи Андонов од Основен суд во Штип во делот на докажувањето на вината на обвинетите во текот на кривичните дела и за водењето на кривичните постапки од страна на судии.

На прашањето дали предметите се решаваат во законски определен рок истоте одговорија дека се решаваат во законски опреледелниот рок,доколку нема причини за развлекување на постапката, но не по вина на судот, судот секогаш ги решавал предметите во законски рок а исто така судот по служена должност внимава постапките да се завршат во најкус можен рок. Евенруално развлекување мора да е оправдано, од објективни причини, на кои судот треба да внимава.

Кој докази судот ги зема како најверодостојни и одат во прилог кон докажувањето на вината кај обвинетиот судиите одговорија дека најверодостојни се материјалните докази имаат имаат поголема тежина и се

неменливи, како и вербалните во корелација со материјалните докази. Исто така доказната вредност зависи од степенот на веродостојноста. Најверодостојни се непосредните докази (очевидци, видео и аудио материјали и сл) во нивно отсуство, посредните докази се земаат во предвид.

При водењето на главната расправа во некој предмети дали може да се има опструкции од страна на странките во постапката (поднесување на неосновани приговори, барања за одложување на расправата, недоваѓање на странки) се со цел да се одоговлечи постапката и да не се заврши во разумен рок особено кога станува збор за притворски предмери и кои дејства се превземени од страна на судот доколку се има вакви ситуации каде судиите се согласија дека има чести опструкции во кои странките или бранителите и полномошниците бараат одгалање на главни расправи, доколку судот отсени дека се неосновани судот ги одбива и во пракса често се случува странките лично и преку своите бранители и полномошници да ги злоупотребуваат своите права, поради што доаѓа да се одолговлекува кривичната постапка поради најразлични барања, приговори и слично.

За околноста кои докази најпрво се изведуваат во доказната постапка и дали имало случаеви со решение да се одбие незаконит доказ, односно доказ кој е прибавен на незаконит начин ставот на судот е дека распоредот на изведувањето на доказите го определува судот, по правило се изведуваат доказите на тужителот а тоа се сведоците и материјалните докази, а потоа доказите на одбраната. Судот ги цени докази секој поединечно, и доколку оцени дека некој е прибавен на незаконит начин истиот се одбива со решение од страна на судот.

Дали во писмено изготвената пресуда судот ги образложува секој доказ посебно или само оние кои одат во прилог на докажувањето на вина на обвинетиот/ односно обвинителот не успеал да докаже надвор од раузмно сомневање дека обвинетиот е сторител на кривични дела судиите одговорија дека секој доказ кој е прифатен од страна на судот го образложуваат посебно во писмено изготвената пресуда. Истите наведуваат од кои причини го прифаќаат и му поклонуваат верба или образложуваат кога не му поклонуваат верба. Во образложението на пресудата мора јасно и недвосмилено да се

образложаs причините и логиката за судската одлука, со наведување на тоа од кои докази или факти се утврдени. Воедно, се дава и оцена на доказите и се образложува од кои причини токму на тие докази е дадена верба, а на кои не. Доколку судот утврди дека обвинителот не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело се донесува ослободителна пресуда.

Во пракса често можеме и да наидеме на ситуација каде одбраната во текот на главната расправа ќе поднесе како доказ изготвени вештачења каде истите биле одбиени од страна на судот со образложение дека само Јавното обвинително може да донесе наредби за вешачења каде по жалба на одбраната ваквите предмети се укинати од страна на повисоките судови поради суштествени повреди во постапката со образложение дека вештaлење кое е предложени и изготвено по барање на одбраната може да биде прифатено и изведено како доказ за кое имаме и правно мислење од страна на Врховниот суд на РСМ кое е во согласност со чл.6 ст.1 од ЕКЧП.

Во таа насока, на настанот беше посочена дилемата дали наод и мислење изготвени по барање на одбраната без наредба од јавен обвинител може да се прифатат како доказ во постапката, врз основа на чл.6 од ЕКЧП, чл.244, 245 и 385 од ЗКП и цитираното правно мислење на Врховниот суд на Република Македонија во кое се истакнува дека вештачење предложено и изготвено по барање на одбраната може да биде прифатено како доказ.

Исто така, според правното мислење на Врховниот суд на Република Македонија и во согласност со пресудата на ЕСЧП бр.17995/02 од 25.4.2007 година со која е утврдена повреда на правото на фер и правично судење и принципот на еднаквост на оружјата утврдени во чл.6 ст.1 од ЕКЧП, изразено како право на странките во постапката да предлагаат изведување на алтернативни експертски испитувања (вештачења), судовите во РМ треба да овозможат рамноправност на странките, што значи дека секоја страна мора да добие разумна можност да го презентира својот случај под услови кои не ја стават во понеповолна положба наспроти спротивставената страна.

15.Доказите и нивната вредност во докажувањето на вина кај обвинетиот во текот на судска постапка

Предмет на анализа на оваа теза ќе ни претставува начинот на донесување на пресудата по завршување на главната расправа и на кој начин судот ги образложува доказите во пресудата преку анализа на конкретни кривични пресуди кој се донесени од страна на Основен суд Штип. Оваа теза ни претставува на некој начин продолжување на претходната теза, само што овде имаме конкретни пресуди и низ кои ќе дадеме одговор дали судот правилно ги анализирал доказите и кој докази имаат поголема доказна вредност со кои се докажува вината кај обвинетиот.

Ако судот во текот на советувањето не најде дека треба повторно да се отвори главната расправа заради дополнение на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе изрече пресуда.[31]

Пресудата се изрекува и јавно објавува во името на граѓаните на Република Македонија. Пресудата како најважен вид на одлука што се донесува во кривичната постапка, треба да содржи одговор дали обвинетиот извршил кривично дело, кое кривично дело и дали е кривично одговорен, што значи пресудата мора да ги реши сите фактички и правни прашања.

Пресуда донесува судот врз основа на одржана главна расправа, по исклучок и без одржување на главна расправа – издавање казнен налог со пресуда (чл.499 од ЗКП) – првостепен суд, а второстепениот суд врз основа на расправа или седница, а Врховиот суд само на седница.

Пресудата и обвинението мора да бидат идентични, како во субјективна, така и во објективна смисла, што значи и остварување на принципот на акузаторност во кривичната постапка, кој принцип ја раздвојува функцијата на гонење и пресудување. Пресудата може да се однесува само на лицето кое е обвинето и само на делото што е предмет на обвинението, содржано во поднесениот, односно на главната расправа изменет или проширен обвинителен акт.

[31] Член 397 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

Судот не е врзан за предлозите на тужителот во поглед на правната оцена на делото (примери за продолжено кривично дело). Судот ја заснова пресудата само врз фактите и доказите што се изведени на главната расправа.[32]

Судот е должен совесно да го оцени секој доказ поединечно и во врска со другите докази и врз основа на таква оцена да изведе заклучок дали некој факт е докажан. Идентитетот помеѓу обвинението и пресудата треба да се однесува на одлучните факти на кривичното дело, бидејќи споредните факти кои не влијаат на правната оценка на делото, не влијаат и на идентитетот (пр. употреба на средството со кое е извршено кривичното дело – Телесна повреда чл.130 ст.1 од КЗ).

Без оглед на разликите што постојат помеѓу одделни кривични дела со оглед на нивниот вид и природа, постојат одредени факти што се заеднички за сите кривични дела и кои се секогаш предмет на докажување, а тоа се:

- Општите елементи на кривичното дело, како објективните така и субјективните, дејство, последица, каузална врска, противправност, одреденост на кривичното дело во законот и слично.
- Посебни елементи на кривичното дело, односно оние што го карактеризираат кривичното дело кое е во прашање, факти кои што се однесуваат на дејството на извршување (пр. Кршење или провалување во затворени простории кај кривичното дело – Тешка кражба од чл.236 од КЗ, Убиство на свиреп или подмолен начин од чл.123 ст.2 т.1 од КЗ). Личното својство на извршителот може да биде посебен елемент кај повеќе кривични дела (пр. својство на службено лице или одговорно лице кај кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Проневера во службата од чл.354 од КЗ).

Утврдување на факти од кои зависи висината на казната (олеснителни и¬ отежителни околности), што овозможува правилна индивидуализација на

[32] Член 399 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

казната. Иницијативата за утврдување на фактите и предлагањето на доказите, потекнува од странките, а судот по службена должност може да прибави доказ во исклучителни случаеви (супервештачење – чл.394 стч.2 од ЗКП).

К.бр.105/16

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП, како првостепен, претставен од судијата - поединец Невена Перица, со записничар Васка Манева, решавајќи по обвинителниот предлог на Основното јавно обвинителство во Штип, Ко.бр.354/15 од 04.03.2016 година против обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип, за кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка“ од чл.274-б ст. 2 в.в. со ст.1 од КЗ, по одржаната главна и јавна расправа на ден 21.11.2016 година, во присуство на застапникот на обвинението Билјана Тошева Анакиева - ЈО во ОЈО Штип, обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип, бранителот на обвинетиот адвокат Антонио Апостолски од Скопје, ја изрече следната:

П Р Е С У Д А
врз основа на признание на вина

ОБВИНЕТИОТ:

МЛ од татко Аднан, мајка Сузана, роден на 26.11.1989 година во Штип, со ЕМБГ ..., со адреса на живеење по лична карта на ул.„Панче Карагозов“ бр.7/4 во Штип, а моментална адреса на живеење во с.Злетово Пробиштип, невработен, со завршено средно образование, македонец, државјанин на РМ, женет, татко на едно малолетно дете , неосудуван, друга постапка не се води,

ВИНОВЕН Е

ЗАТОА ШТО:

Во повеќе наврати во текот на периодот од 2010 година се до 14.07.2015 година прибавувал банкарски податоци од вистински платежни картички и податоците за носителите на тие картички со намера да бидат искористени со изработка на лажна платежна картичка и вака прибавените платежни картички ги давал - продавал на други лица со цел да ги употребат како вистински картички или за изработкана лажни платежни картички, на начин што преку соодветни сотфери - програми и форуми преку интернет најпрвин прибавувал банкарски податоци од вистински платежни картички на носители од странство преку интернет по што истите ги употребувал како вистински, за купување на разни луксузни предмети за сопствена употреба, а поголем дел од податоците од платежни картички ги давал на други лица односно ги продавал преку веб страните WWW.TOPDUMPS.CC, WWW.T12SHOP.CC,WWW.GREATDUMPS.CC,WWW.TONYMONTANA.CC и WWW.TONYSTUFF.CC, креирани и администрирани од негова страна, а се наменети за продажба на нелегално стекнати банкарски податоци од платежни картички, при што од продажбата на платежните картички преку интернет, истиот примил вкупен износ на парични средства од Русија, САД, Малезија, Мексико и Кина, од 6.124.163,78 денари на негово име, а на име на неговата сопруга Росана Трајанова примил вкупен износ од 5.057.339,00 денари преку сервисите за брз трансфер на пари „ Western Union“ и „Money Gram“.

Со наведените дејствија обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип сторил кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка“ од чл.274-б ст. 2 в.в. со ст.1 од КЗ, па со примена на овие одредби како и член 4, 32, 35, 38, 39 од истиот Законик, како и одредбите од чл.9 до чл.15 и чл.21 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, го:

ОСУДУВА

На казна затвор во траење од 1 (една) година .

На обвинтиот МЛ, судт му изрекува и:

ПАРИЧНА КАЗНА од 60 (шеесет) дневни глоби во износ од 300 (триста) евра во денарска противвредност од 18.450,оо (осумнаесет илјади четрстотини и пеесет денари), така што вредноста на една дневна глоба судот ја одредува на 5 (пет) евра во денарска противвредност од 307,50 денари сметано по 61,50 денари за едно евро по среден курс на НБ на РМ на денот на пресудувањето.

Согласно на чл.404 ст.1 т.6 од ЗКП, во изречената казна затвор на обвинетиот Марко Леопард од с.Злетово, Пробиштип му се засметува и времето поминато во притвор, сметано од 14.07.2015 година до 05.10.2015 година.

Согласно на чл.100-а од КЗ во корист на Р.Македонија од обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип СЕ ОДЗЕМААТ: лап – топ марка „Тошиба“ со сериски број XC104638Q, лап топ марка „Мекбук“, модел „ејпал“ со сериски број CO2HWFVADTY3, мини лап – топ модел „EEE“ со број 3568A-EPC9GE750, УСБ-стик од 8 ГБ, УСБ- стик од 4 ГБ, марка „Кингстон“, едно Sony Play station со сер.бр.02-27445974-1744947-CECH, еден хард диск 320 GB со сериски број WXL1E91YKPF4, SD картичка од 2 GB марка „Сони“ микро SD картичка од 8 GB марка „Кингстон“, една платежна каричка „Mastercard“ од Payoneer на име Марко Леопард бр.5308171103120410, една платежна каричка „Mastercard“,една платежна каричка „Mastercard“ од НЕТ + на име Марко Леопард бр.5415920067263209, една платежна каричка „VIZA“ од m bank со бр.4840928690710452, една платежна каричка од m bank со бр.4840928715939979, платежна каричка од m bank со бр.4840928728554732, платежна каричка од m bank со бр.4840928703325215, платежна каричка од m bank со бр.4840928741169492, еден мобилен телефон марка „Samsung“ со IMEI 356431/05/322821/B со микро СИМ картичка од ВИП.

Согласно на чл.97 ст.1 и 2 и чл.97-а и чл.98 од КЗ в.в. со чл.536 од ЗКП од обвинетиот МЛ СЕ КОНФИСКУВА, непосредна и посредна имотна корист прибавена со извршување на кривичното дело во износ од 11.181.502,78 денари во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата во корист на Буџет на РМ, а доколку од обвинетиот не може да се конфискува непосредна имотна корист од истиот да се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената имотна крист и тоа со пленидба и продажба на:

- недвижен имот: куќа во с.Злетово, Пробиштип, на ул.„...“ бр./ ИЛ.бр.1499 за КО Злетово на име Марко Леопард;

- подвижен имот ПМВ „Ауди 6“ со рег бр. ..., сива боја, на име МЛ;

- удел и оснивачки влог во правното лице „Леопард Солушнс“ДООЕЛ Штип, со ЕДБ... и ЕМБС:...

сите обезбедени со Решение Кпп.бр.55/15 од 04.08.2015 година, правосилно од 18.08.2015 година на Основен суд Штип, кој имот согласно на чл.98 ст.5 од КЗ станува сопственост на Р.Македонија.

Се задолжува обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип, паричната казна да ја плати во полза на буџетските средства на РМ на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 174 06852, приходна шифра и програма 724153 00, во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата. Ако обвинетиот не ја плати паричната казна во определениот рок или истата не може присилно да се изврши, судот ке ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе определи еден ден затвор.

Согласно на чл.102 и 105 од ЗКП СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип да плати на име паушал износ од 3.500,оо денари во корист на Основен суд Штип на сметка 290100096563117, приходна шифра и програма 724132 20, во рок од 15 дена од правосилноста на пресуда.

О б р а з л о ж е н и е

Основното јавно обвинителство од Штип до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.354/15 од 04.03.2016 година, против обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип, за кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка“ од чл.274-б ст. 2 в.в. со ст.1 од КЗ.

На главната расправа застапникот на обвинението остана во целост при поднесениот обвинителен акт против обвинетиот, согласно кој предложи обвинетиот да биде огласен за виновен за предметното кривично дело и казнет според законот, а воедно предложи и да се изрече конфискација на имот и имотна корист спрема обвнетиот

Обвинетиот МЛ главната расправа, во присуство на неговиот бранител Антонио Апостолски, адвокат од Скопје, лично во целост ги призна противправните дејствија од обвинението, на време, место и начин опишани во обвинението. Изјави дека признанието го дава доброволно, дека е свесен за правните последици од признанието на вина како и за последиците сврзани со надомест на штета и трошоците во постапката. Изјави дека погрешил, изрази каење за стореното со ветување дека немало да му се повтори вакво нешто во иднина, па наведувајќи олеснувачки околности побара од судот поблаго да биде казнет.

Во доказната постапка судот на главна расправа, согласно на чл.381 ст.3 од ЗКП, ги прочита писмените докази и тоа: Листа од казнена евиденција од 20.08.2015 година од Основен суд Штип на име МЛ, Извод од матична канига на венчаните тековен број 130 за 2014 година за МЛ и РЛ, извод од матична канига на родени тековен број 927 за 2014 година за ЈЛ и Потврда за РЛ од ПЗО по гинекологија и акушерство д-р Огњан Мицков од Штип , па ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно, а притоа ценејќи го како доказно средство и исказот на обвинетиот кој се состоеше во целосно самопризнание на кривичното дело, ја утврди следната фактичка состојба:

Обвинетиот МЛ е роден на 26.11.1989 година во Штип, со ЕМБГ2611989490026, со адреса на живеење по лична карта на ул.„Панче

Карагозов“ бр.7/4 во Штип, а моментална адреса на живеење во с.Злетово Пробиштип, невработен, со завршено средно образование, македонец, државјанин на РМ, женет, татко на едно малолетно дете , неосудуван, друга постапка не се води.

Обвинетиот МЛ во повеќе наврати во текот на периодот од 2010 година се до 14.07.2015 година прибавувал банкарски податоци од вистински платежни картички и податоците за носителите на тие картички со намера да бидат искористени со изработка на лажна платежна картичка и вака прибавените платежни картички ги давал - продавал на други лица со цел да ги употребат како вистински картички или за изработкана лажни платежни картички, на начин што преку соодветни сотфери - програми и форуми преку интернет најпрвин прибавувал банкарски податоци од вистински платежни картички на носители од странство преку интернет по што истите ги употребувал како вистински, за купување на разни луксузни предмети за сопствена употреба, а поголем дел од податоците од платежни картички ги давал на други лица односно ги продавал преку веб страните WWW.TOPDUMPS.CC, WWW.T12SHOP.CC, WWW.GREATDUMPS.CC, WWW.TONYMONTANA.CC и WWW.TONYSTUFF.CC, креирани и администрирани од негова страна, а се наменети за продажба на нелегално стекнати банкарски податоци од платежни картички, при што од продажбата на платежните картички преку интернет, истиот примил вкупен износ на парични средства од Русија, САД, Малезија, Мексико и Кина, од 6.124.163,78 денари на негово име, а на име на неговата сопруга РТ примил вкупен износ од 5.057.339,00 денари преку сервисите за брз трансфер на пари „ Western Union“ и „Money Gram“.

Горната фактичка состојба судот ја утврди од изведените докази на главниот претрес и тоа од доброволното признание на вина дадено од обвинетиот како и од доказите приложени од страна на застапникот на обвинението.

На главната расправа обвинетиот по дадените поуки од страна на судот за неговите права, доброволно ја призна вината по однос на стореното кривично дело, притоа изјави дека признанието го дава доброволно, како и дека е свесен за правните последици од признанието на вина и за последиците сврзани со надомест на штета како и трошоците на кривичната постапка. Од

неговото самопризнание за вина се утврди дека обвинетиот го сторил кривичното дело што му се става на товар во време, мето и начин како што се опишани во обвинението.

Врз основа на утврдената фактичка состојба во дејствијата на обвинетиот опишани во изреката се содржани сите битни елементи на едно продолжено кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка“ од чл.274-б ст. 2 в.в. со ст.1 од КЗ, поради што судот обвинетиот го огласи за виновен за ова кривично дело и му изрече казна како во изреката.

При изборот на видот и одмерувањето на висината на казната, судот ги ценеше за обвинетиот олеснувачките и отежнувачките околности во смисла на чл.39 од КЗ, како и одредбите од Законот за одредување на видот и висината на казната.

Согласно Законот за одредување на видот и висината на казната, а имајќи предвид дека за предметното кривично дело за кое обвинетиот е огласен за виновен е предвидена казна затвор од 6 (шест) месеци до 5 (пет) години како и парична казна како споредна казна, судот утврди дека извршувањето на предметното кривично дело е категоризирано во 27-та хоризонтална категорија согласно чл.10 од наведениот закон.

Од доставената листа од казнена евиденција судот согласно чл.11 од Законот за одредување на видот и висината на казната утврди дека според критериумот за поранешниот живот обвинетиот е категоризиран во 1-та вертикална категорија во која спаѓаат неосудувани лица.

Имајќи предвид дека извршувањето на предметното кривично дело е категоризирано во 27-та хоризонтална категорија, а критериумот за поранешниот живот на обвинетиот спаѓа во 1-вата вертикална категорија, каде што се категориирни неосудуваните лица, согласно Прилог бр.1 од наведениот закон, па согласно таа категоризација распонот на предвидената казна затвор кој може да му се изрече на осудениот е од 6 во 24 месеци со средна вредност од 15 месеци затвор и парична казна

Судот при утврдувањето на видот и висината на казната изврши и оценка на олеснувачките и отежнувачките околности согласно чл.14 од наведениот закон.

Од отежнувачките околности сметано во: „Степенот на кривична одговорност“ судот ја зеде во предвид големата упорност при извршување на

конкретното кривично дело со оглед да обвинетиот дејствијата ги има преземано сметано од 2010 година до средина на 2015 година; Од „Побуди од кои е сторено кривичното дело“ судот зеде во предвид дека кривичното дело е сторено од користољубие;

Збирот на сите поени од отежнувачките околности е 9 поени.

Од олеснувачки околности за обвинетиот судот ги ценеше: Од категоријата „Поранешен живот на сторителот“ тоа што не се води постапка за друго кривично дело. Од „Лични прилики и однесување по стореното кривично дело“ тоа што изрази жалење и каење за стореното кривично дело, коректното однесување во текот на постапката, што даде допринос за завршување на целата постапка. Од категоријата „Други околности што се однесуваат на личноста на сторителот“ тоа што е татко на едно малолетно дете на возраст од 2 години, што неговата сопруга исто така е невработна и бремена, па зборот на олеснителните околности изнесува 11 поени.

Давајќи оценка на олеснувачките и на отежнувачките околности судот смета дека преовладуваат олеснителните околности, и тоа разликата е 2 поени во корист на олеснителните, но не и 5 поени во корист на олеснителните, па земајќи го признанието на вина на обвинетиот, личните својства, како и држењето пред судот, а пред се што обвинетиот лично пред судот изјави дека е свесен дека ќе биде осуден за наведеното кривично дело, му одмери казна затвор од 1 година, што е под средната вредност од пропишаните 15 месеци за 1-ва вертикална колона од 27-мата хоризонтална колона, како и паична казна. Па врз основа на горново судот смета дека и со ваква казна од 1 (една) година затвор и паична казна од 60 дневни глоби, ќе се оствари правдата, а воедно ќе се постигне и целта на казнувањето, како на планот на специјалната, така и на планот на генералната превенција.

Согласно на чл.404 ст.1 т.6 од ЗКП, во изречената казна затвор на обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип му се засметува и времето поминато во притвор, сметано од 14.07.2015 година до 05.10.2015 година и тоа определен со решение на овој суд Кпп.бр.52/15 од 14.07.2015 година, продолжен со решение Кс.бр.29/15 од 09.09.2015 година од истиот суд, продолжен со решение Кс.бр.31,15 од 07.09.2015 година на Оснвен суд Штип.

Согласно на чл.100-а од КЗ во корист на Р.Македонија од обвинетиот МЛод с.Злетово, Пробиштип се одземаат: лап – топ марка „Тошиба“ со сериски број

XC104638Q, лап топ марка „Мекбук“, модел „ејпал“ со сериски број CO2HWFVADTY3, мини лап – топ модел „EEE“ со број 3568A-EPC9GE750, УСБ-стик од 8 ГБ, УСБ- стик од 4 ГБ, марка „Кингстон“, едно Sony Play station со сер.бр.02-27445974-1744947-CECH, еден хард диск 320 GB со сериски број WXL1E91YKPF4, SD картичка од 2 GB марка „Сони“ микро SD картичка од 8 GB марка „Кингстон“, една платежна каричка „Mastercard“ од Payoneer на име Марко Леопард бр.5308171103120410, една платежна каричка „Mastercard“,една платежна каричка „Mastercard“ од НЕТ + на име Марко Леопард бр.5415920067263209, една платежна каричка „VIZA“ од m bank со бр.4840928690710452, една платежна каричка од m bank со бр.4840928715939979, платежна каричка од m bank со бр.4840928728554732, платежна каричка од m bank со бр.4840928703325215, платежна каричка од m bank со бр.4840928741169492, еден мобилен телефон марка „Samsung“ со IMEI 356431/05/322821/B со микро СИМ картичка од ВИП, како предмети со кои е извршено кривичното дело.

Со оглед да никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело, од обвинетиот МЛ согласно на чл.97 ст.1 и 2 и чл.97-а и чл.98 од КЗ в.в. со чл.536 од ЗКП судот ја конфискува на непосредна и посредна имотна корист прибавена со извршување на кривичното дело во износ од 11.181.502,78 денари. Доколку од обвинетиот не може да се конфискува непосредна имотна корист од истиот да се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената имотна крист и тоа со пленидба и продажба на:

- недвижен имот: куќа во с.Злетово, Пробиштип, на ул.„Питу Гули“ бр.6 ИЛ.бр.1499 за КО Злетово на име Марко Леопард,
- подвижен имот ПМВ „Ауди 6“ со рег бр. ШТ-7093-АВ, сива боја, на име МЛ и
- удел и оснивачки влог во правното лице „Леопард Солушнс“ДООЕЛ Штип, со ЕДБ ... и ЕМБС:...

обезбедени со Решение Кпп.бр.55/15 од 04.08.2015 година, правосилно од 18.08.2015 година на Основен суд Штип, како имот во кој е трансформирана или претворена користата прибавена со кривичното дело.

Во време кога е купен недвижниот имот куќа во с.Злетово, Пробиштип со Договор за купопродажба ОДУ.бр.60/13 од 25.02.2013 година, обвинетиот бил невработен, неговата сопруга била невработена, и единствени приходи во тој

период бил прилив на парични средства од предметнот кривично дело кои му биле праќани по брз трансфер на пари.

ПМВ „Ауди 6“ со рег бр. ШТ-7093-АВ, сива боја, на име МЛ исто така е набавено во почетокот на 2015 година, видно од сообраќајната дозвола МК 0298519, кога единствен прилив на парични средства бил по брз трансфер на пари кои ги примал во период кога ги презел дејствијата на извршување на кривичното дело.

На 27.04.2015 година обвинетиот го основа Друштвото за производство, трговија и услуги „Леопард Солушнс“ ДООЕЛ извоз – увоз Штип, како единствен оснивач и содржник, со основна главнина оснивачки влог уплатена како паричен влог во износ од 308,000,оо денари, видно од тековна сосојба бр.805-50/150120150060710 од Централен регистар на Р.Македонија

Предметниот имот согласно на чл.98 ст.5 од КЗ станува сопственост на Р.Македонија.

Согласно на чл.102 и 105 од ЗКП СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот МЛ од с.Злетово, Пробиштип да плати на име паушал износ од 3.500,оо денари во корист на Основен суд Штип на сметка 290100096563117, приходна шифра и програма 724132 20, во рок од 15 дена од правосилноста на пресуда, кој износ е утврден во зависност од траењето и сложеноста на постапката во корелација со имотната состојба на обвинетиот.

ОСНОВЕН СУД - ШТИП, К.бр.105/16, од 21.11.2016 година

Записничар, Судија,

Васка Манева, с.р Невена Перица, с.р

ПОУКА: Против оваа Пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

Доставено до:

- ОЈО Штип
- Обвинет
- Бранител

Анализа на пресуда

Во предметната пресуда имаме обвинет кој е опфатен со обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство за кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка” од чл.274-б ст.2 в.в со ст.1 од КЗ каде обвинетиот на главна и јавна расправа го признал кривичното дело кое му се става на товар и судот по даденото признание од страна на обвинетиот донесел пресуда врз основа на признание на вина каде обвинетиот го огласил за виновен за предметното кривично дело кое му се става на товар и му изрекол казна затвор во траење од 1 година. Исто така на обвинетиот му се изрекува и парична казна од 60 (шеесет) дневни глоби во износ од 300 (триста)евра во денарска противвредност од 18.450,оо и на обвинетиот му се засметува и времето кое го поминал во притвор.

Доколку во истражната постапка на обвинетиот при претрес му се одземани предмети кој служат како доказ за предмети од извршено кривично дело или истите се предадени на соодветно вештачење а при даденото признание од страна на обвинетиот со кое го признава времето, местото и начинот на начин опишани како во диспозитивот на обвинението на обвинетиот согласно чл.100-а од КЗ му се одземаат предметите кој му биле одземени во претходната постапка како што е случај со обвинетиот со пресудата а исто така согласно чл.97 ст.1 и 2 и чл.98 од КЗ со чл.536 од ЗКП на обвинетиот во пресудата му се конфискува и непосредна и посредна имотна корист прибавена со извршување на кривичното дело, а доколку од обвинетиот не може да се конфискува непосредната имотна корист од истиот може да се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената иморна корист со даден неподвижен имот и подвижен имот кој е детално обраложен во пресудата .

Обвинетиот е задолжен да плати соодветен судски паушал кој е определен во согласност со должината на кривичната постапка а исто така му е дадена и напомена дека доколку обвинетиот не ја плати паричната казна во определениот рок и истата не може присилно да се наплати, судот ќе ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе определели еден ден затвор.

Во случај кога имаме обвинетиот да го признае делото кое му се става на товар, не се спроведува доказна постапка туку само се изведуваат доказите кои се однесуваат на одмерување на кривичната санкција.

По даденото признание судот испитал дали признанието до дадел доброволно, дека е свесен за правните последици од признанието на вина како и за последиците поврзани со надомест на штета и трошоците во постапката. Од неговото самопризнание за вина судот констатирал дека обвинетиот го сторил кривичното дело што му се става на товар во време,место и начин како што се опишани во обвинението. По ова признание судот утврдил дека се содржани елементите за кривично дело ,,Изработка и употреба на лажна платежна картичка" од чл.274-б ст.2 в.в со ст.1 од КЗ, па го огласил за виновен со изречена санкција како што е погоренаведена.

Во моментот на донесување на пресудата сеуште беше на сила Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната каде по примена на Законот на обвинетиот му е изречена казната. Уставниот суд во ноември 2017 година го укина овој закон со образложение дека постои мешање на законодавната и судската власт која треба да е независна и се нарушува судската независност.

К.бр.404/20

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП како првостепен, претставен од судијата Невена Перица како судија поединец, со записничар Даниела Коцева Пунова постапувајќи по обвинителниот предлог на Основното јавно обвинителство во Штип Ко.бр.275/20 од 09.06.2020 година против обвинетиот ДК од Неготино за продолжено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст.1 в.в.со чл.45 од КЗ, по одржаната јавна и главна усмена расправа на ден 17.05.2021 година, во присуство на застапникот на обвинението Билјана Тошева Анакиева - Јавен Обвинител во ОЈО Штип, обвинетиот ДК од Неготино стражарно спроведен од КПУ Идризово и неговиот бранител адвокат Трајче Ајтов со заменичко полномошно од адвокат Живко Ајтов од Кавадарци од Штип, во отсуство на оштетениот ДА од Пробиштип, ја донесе и објави следната:

П Р Е С У Д А

Обвинетиот:

ДК од татко Геле, мајка Веселинка, роден 15.11.1987 год. во Неготино, каде и живее на ул.„ Димче Митрев“ бр.37, ЕМБГ:..., Македонец, државјанин на РСМ, писмен, со завршено високо образование - Факултет за електротехника и информациски технологии Скопје, неженет, слабоимотен, досега осудуван по казнена евиденција од 15.06.2020 година на Основен суд Неготино, друга постапка се води, се брани од КПУ Идризово, каде издржува казна затвор.

ВИНОВЕН Е

ЗАТОА ШТО:

Во текот на месец август 2019 година во Пробиштип со намера за себе прибави против парвана имотна корсит го довел и држел во заблуда оштетниот ДА од Пробипштив со лажно прикажува на факти дека посредува при вработување во Република Германија и Република Австрија и дека ке му обезбеди дозвола за работа во Република Германија за работно место

заварувач, наведувајки го да преземе дејствија на штета на неговиот имот на начин што откако оштетениот преку неговиот телефонски број ... го контактирал обвинетиот на телефонскиот број ... кој бил објавен како контакт на социјалната мержа „Facebook“ на објава со оглас дека истиот посредува при вработување и обзбедување станови за работа и престој во Р. Германија и Р. Австрија, го навел да изврши уплата на парични средства за наводни трошоци за превод, за авионски билет, картички и осигурување, во 10 (десет) наврати на трансакциска сметка со број ... во Уни банка АД Скопје и на Комерцијална банка АД Скопје на трансакциска сметка број 300007099122740 на име на обвинетиот при што на 07.08.2019 година оштетениот извршил уплата во износ од 1.990,оо денари, на 08.08.2019 година во 5 (пет) наврати извршил уплати на поединечни износи од по 2.900,оо денари, 2.400,оо денари, 2.800,оо денари, 2.500,оо денари и 2.800,оо денари и на 09.08.2019 година во 5 (пет) наврати извршил уплати на поединечни износи од по 2.750,оо денари, 2.800,оо денари, 2.910,оо денари, 3.100,оо денари и 3.500,оо денари и на 10.08.2019 година на трансакциската сметка ... во Комерцијална Банка АД Скопје на име на обвинетиот, го навел да изврши 5 (пет) уплати на поединечни износи од по 3.300,оо денари, 3.150,оо денари, 3.200,оо денари, 2.700,оо денари и 2.800,оо денари со што го навел во 16 (шеснаесет) наврати да изврши уплати во вкупен износ од 45.650 денари со што за овој износ обвинетиот за себе прибавил против правна имотна корист, а за истиот износ го оштетил оштетениот ДА.

Со горните дејствија обвинетиот ДК од Неготино сторил продолжено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст.1в.в. со чл. од КЗ, па со примена на оваа одредба како и чл.4, 32, 35 и 39 од КЗ и чл.102 и 105 од ЗКП, го:

О С У Д У В А

НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 3 (три) ГОДИНИ.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот ДК од Неготино да плати на име паушал сума во износ од 5.000,оо денари, во полза на Основен суд Штип на ж.с-ка 290100096563117 со приходна шифра и програма – 724132 20, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а кој

износ е утврден врз основа на времетраењето на постапката, сложеноста на истата и материјалната состојба на обвинетиот.

Согласно чл.114 ст.1 и 2 од ЗКП, оштетениот ДК од Пробиштип за остварување на имотноправно побарање, - СЕ УПАТУВА НА СПОР.

О б р а з л о ж е н и е

Основното Јавно Обвинителство во Штип, до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.275/20 од 09.06.2020 година против обвинетиот ДК од Неготино за кривично дело „Измама“ од чл.247 ст.1 од КЗ.

На главната расправа, застапникот на обвинението остана во целост кон поднесеното обвинение и пред давање на самиот завршен збор изврши прецизирање на изреката на обвинителниот предлог посебно во делот на износите на уплатата, како и на самата правна квалификација така што обвинетиот да се товари за сторено продолжено кривично дело Измама од чл.247 ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ.Во завршниот збор изјави дека од изведените докази во текот на главната расправа, како од вербален така и од материјален карактер неспорно се потврди фактичката состојба во изреката на поднесеното обвинение а во кое е утврдено начинот на првземање на инкриминираните дејствија од страна на обвинетиот ДК. Даде целосна анализа на изведените докази, па повикувајќи се на личноста на обвинетиот, низ инкриминирачките дејствија побара судот истите да ги земе како отежнителни околности и да изрече построга казна за обвинетиот, со оглед да може да се каже дека во конкретниот случј сосема отсуствуваат олеснителните околности.

Оштетениот ДА на главна расправа на 19.04.2021 година истакна имотноправно побарување на име на штета, а кое побара судот да го упати на редовен граѓански спор, а воедно наведе дека од износите кои ги има уплатено на сметка на обвинетиот ништо не му било вратено.

На главната расправа обвинетиот ДК, лично и преку неговиот бранител адвокат Трајче Ајтов од Кавадарци со заменичко полномошно од адвокат Живко Ајтов од Кавадарци, негираше дека го има сторено делото кое му се става на товар, не се чувствуваше за виновен и наведе дека тој воопшто не го познава оштетениот ДА и дека никогаш лично не се сретнал со него. Од тие

причини, бидејќи јавниот обвинител не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот ДК е тој кој што го сторил кривичното дело кое му се става на товар, предложи судот истиот да го ослободи од обвинение. Побара трошоци по доставен трошковник.

Во доказна постапка судот го сослуша оштетениот ДА од Пробиштип, ги прочита: Записник на примање на пријава бр.22.28.7.2-152 од 25.02.2020 година на МВР СВР Штип ПС Пробиштип, Известување бр.09-620-18845/1 од 10.04.2020 година на Комерцијална Банка АД Скопје со прилог Извод од тековна сметка од 14.04.2020 година на име ДК, Известување бр.Д1509/120-2/2020 од 08.04.2020 година на УНИ Банка АД Скопје со прилог извод на тековна сметка од 08.04.2020 година на име ДК, Известување бр.06-1001/2 од 07.04.2020 година на Македонски Телеком со сопственички податоци за тел.број 072/212-079, казнена евиденција од 15.06.2020 година на Основен суд Неготино, изврши увид во 16 уплатници образец ПП10 на износ од 2500,00 денари од 08.08.2019 година, 2800,00 денари од 08.08.2019 година, 2800,00 денари од 08.08.2019 година, 2910,00 денари од 09.08.2019 година, 2850,00 денари од 09.08.2019 година, 2750,00 денари од 09.08.2019 година, 3200,00 денари од 10.08.2019 година, 3300,00 денари од 10.08.2019 година, 3150,00 денари од 10.08.2019 година, 2700,00 денари од 10.08.2019 година, 2800,00 денари од 10.08.2019 година, 1990,00 денари од 07.08.2019 година, 2400,00 денари од 08.08.2019 година 2900,00 денари од 08.08.2019 година, 3100,00 денари од 09.08.2019 година, 3500,00 денари од 09.08.2019 година сите со назив и седиште на примач ДК., го прочита Извештај за состојба на субјектот пред бришење 0805-50/151420210001135 од 26.04.2021 година од ЦР на РСМ и согласно на чл.250 ст.1 и ст.3 од ЗКП во присиство на стручно лице – информатичар Васил Јанков, вработен во Основен суд Штип изврши утврдување на содржина на снимка со репродукција од ЦД и тоа: ЦД со ознака 06-1001/2 со листинг од појдовни и дојдовни повици и интернет сообракај помегу тел.бр.072/212-079 и тел.бр.078/244-092 од реден број 44 до реден бр.250 во табеларен приказ и ЦД со ознака А1 со листинг од појдовни и дојдвони повици со тел.бр.078/244-092 кон телефонски број 072/212-079 за временски период од 07.08.2019 година и 10.08.2019 година и репродукција на аудио содржина од ЦД од увид бр.030/2020, го испита обвинетиот ДК, па

ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно, ја утврди следната фактичка состојба:

Обвинетиот ДК е роден на ... год. во Неготино каде и живее ул.„ ...“ бр./, со ЕМБГ..., Македонец, државјанин на РСМ, писмен, со завршено високо образование - Факултет за електротехника и информациски технологии Скопје, неженет, слабоимотен, досега осудуван по листа од казнена евиденција од 15.06.2020 година на Основен суд Неготоино и тоа: со пресуда К.бр.446/18 од 04.03.2019 година на Основен суд Прилеп е осуден на казна затвор во траење од 1 година, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.309/17 од 26.04.2018 година на Основен суд Велес му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 6 месеци нема да се изврши доколку во рок од 2 години не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 3 и 4 од КЗ; со пресуда К.бр.443/17 од 09.02.2018 година на Основен суд Штип му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 6 месеци нема да се изврши доколку во рок од 1 година не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.440/17 од 26.04.2018 година на Основен суд Велес му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 3 месеци нема да се изврши доколку во рок од 1 година не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 в.в. со чл.45 од КЗ; со пресуда К.бр.22/18 од 10.09.2018 година на Основен суд Штип му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 3 месеци нема да се изврши доколку во рок од 1 година не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.30/19 од 25.03.2019 година на Основен суд Неготино е осуден на казна затвор во траење од 6 месеци, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 в.в. со чл.45 од КЗ; со пресуда К.бр.423/18 од 16.09.2019 година на Основен суд Штип е осуден на казна затвор во траење од 3 години, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.61/17 од 31.10.2017 година на Основен суд Свети Николе изречена му е парична казна од 100 глоби во противвредност од 30.700,оо денари за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1, 2 и 5 од КЗ; со пресуда К.бр.733/19 од 20.05.2019 година на Основен суд Скопје I Скопје е осуден на казна затвор во траење од 1 година, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1 од КЗ;

со пресуда К.бр.38/17 од 15.06.2017 година на Основен суд Радовиш му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 1 година нема да се изврши доколку во рок од 2 години не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.235/18 од 30.01.2019 година на Основен суд Кавадарци е осуден на казна затвор во траење од 1 година, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1, 2 и 5 од КЗ; со пресуда К.бр.25/17 од 20.11.2017 година на Основен суд Неготино изречена му е парична казна од 200 глоби во противвредност од 120.000,оо денари за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1, в.в. со чл.45 од КЗ; со пресуда К.бр.61/19 од 08.07.2019 година на Основен суд Неготино изречена му е парична казна од 200 глоби во противвредност од 120.000,оо денари за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1, в.в. со чл.45 од КЗ; со пресуда К.бр.222/19 од 05.09.2019 година на Основен суд Велес е осуден на казна затвор во траење од 1 година, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1 од КЗ; со пресуда К.бр.29/17 од 10.05.2017 година на Основен суд Свети Николе изречена му е парична казна во глоби за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1,2 и 5 од КЗ; со пресуда К.бр.97/17 од 14.07.2017 година на Основен суд Велес му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 1 година нема да се изврши доколку во рок од 3 години не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама “ од чл.247 ст. 3 и 4 од КЗ; со пресуда К.бр.133/17 од 19.03.2018 година на Основен суд Неготино изречена му е парична казна од 80 глоби во противвредност од 49.230,оо денари за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1, в.в. со чл.45 од КЗ; со пресуда К.бр.125/17 од 11.07.2017 година на Основен суд Кавадарци му е иречена условна осуда со која утврдена казна затвор во траење од 6 месеци нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 3 и 4 од КЗ; со пресуда К.бр.299/18 од 26.03.2019 година на Основен суд Велес е осуден на казна затвор во траење од 1 8 месеци, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1, 2 и 5 од КЗ и со пресуда К.бр.74/19 од 08.07.2019 година на Основен суд Неготино е осуден на казна затвор во траење од 1 година, за сторено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст. 1 од КЗ, друга постапка се води, се брани од КПУ Идризово, каде издржува казна затвор.

Обвинетиот во текот на месец август 2019 година во Пробиштип со намера за себе прибави против парвана имотна корсит го довел и држел во заблуда оштетниот ДА од Пробипштив со лажно прикажува на факти дека посредува при вработување во Република Германија и Република Австрија и дека ке му обезбеди дозвола за работа во Република Германија за работно место заварувач, наведувајки го да преземе дејствија на штета на неговиот имот на начин што откако оштетениот преку неговиот телефонски ... го контактирал обвинетиот на телефонскиот број ..., кој бил објавен како контакт на социјалната мержа „Facebook“ на објава со оглас дека истиот посредува при вработување и обзбедување станови за работа и престој во Р. Германија и Р. Австрија, го навел да изврши уплата на парични средства за наводни трошоци за превод, за авионски билет, картички и осигурување, во 10 (десет) наврати на трансакциска сметка со број 240327004385145 во Уни банка АД Скопје и на Комерцијална банка АД Скопје на трансакциска сметка број 300007099122740 на име на обвинетиот при што на 07.08.2019 година оштетениот извршил уплата во износ од 1.990,оо денари, на 08.08.2019 година во 5 (пет) наврати извршил уплати на поединечни износи од по 2.900,оо денари, 2.400,оо денари, 2.800,оо денари, 2.500,оо денари и 2.800,оо денари и на 09.08.2019 година во 5 (пет) наврати извршил уплати на поединечни износи од по 2.750,оо денари, 2.800,оо денари, 2.910,оо денари, 3.100,оо денари и 3.500,оо денари и на 10.08.2019 година на трансакциската сметка 300007099122740 во Комерцијална Банка АД Скопје на име на обвинетиот, го навел да изврши 5 (пет) уплати на поединечни износи од по 3.300,оо денари, 3.150,оо денари, 3.200,оо денари, 2.700,оо денари и 2.800,оо денари со што го навел во 16 (шеснаесет) наврати да изврши уплати во вкупен износ од 45.650 денари со што за овој износ обвинетиот за себе прибавил против правна имотна корист, а за истиот износ го оштетил оштетениот ДА.

Ваквата фактичка состојба судот ја утврди врз основа на изведените докази во текот на постапката и тоа, како од вербален, така и од материјален карактер.

Имено, времето, местото и начинот на извршувањето на противправните дејствија што му се стават на товар на обвинетиот ДК опишани во изреката на пресудата, судот со сигурност ги утврди како од материјалните докази наведени погоре и тоа: Известување бр.09-620-18845/1 од 10.04.2020 година на

Комерцијална Банка АД Скопје со прилог Извод од тековна сметка од 14.04.2020 година на име ДК, Известување бр.Д1509/120-2/2020 од 08.04.2020 година на УНИ Банка АД Скопје со прилог извод на тековна сметка од 08.04.2020 година на име ДК, 16 уплатници образец ПП10 на износ од 2500,00 денари од 08.08.2019 година, 2800,00 денари од 08.08.2019 година, 2800,00 денари од 08.08.2019 година, 2910,00 денари од 09.08.2019 година, 2850,00 денари од 09.08.2019 година, 2750,00 денари од 09.08.2019 година, 3200,00 денари од 10.08.2019 година, 3300,00 денари од 10.08.2019 година, 3150,00 денари од 10.08.2019 година, 2700,00 денари од 10.08.2019 година, 2800,00 денари од 10.08.2019 година, 1990,00 денари од 07.08.2019 година, 2400,00 денари од 08.08.2019 година 2900,00 денари од 08.08.2019 година, 3100,00 денари од 09.08.2019 година, 3500,00 денари од 09.08.2019 година сите со назив и седиште на примач ДК, Известување бр.06-1001/2 од 07.04.2020 година на Македонски Телеком со сопственички податоци за тел.број ..., Записник на примање на пријава бр.22.28.7.2-152 од 25.02.2020 година на МВР СВР Штип ПС Пробиштип, како и од содржината на податоци во ЦД со ознака 06-1001/2 со листинг од појдовни и дојдовни повици и интернет сообракај помегу тел.бр.072/212-079 и тел.бр.078/244-092 од реден број 44 до реден бр.250 во табеларен приказ и ЦД со ознака А1 со листинг од појдовни и дојдвони повици со тел.бр.078/244-092 кон телефонски број ... за временски период од 07.08.2019 година и 10.08.2019 година и од содржината на аудио снимка од ЦД од увид бр.030/2020, така и од исказот на оштетениот ДА од Пробиштип.

Судот при утврдување на горната фактичка состојба изврши целосна и сеопфатна, компаративна анализа на сите изведени докази и од истите утврди дека надвор од секакво разумно сомнение се докажува делото и вината на обвинетоит ДК за предметното кривично дело.

Од исказот на оштетениот ДА од Пробиштип судот утврди дека истиот во текот на месец Август 2019 година на социлајната мержа „Facebook“ наишол на оглас со назнака посредување при вработување за работа во Р.Германија, а кој оглас бил објавен под име Бојан Бошков. На огласот бил објавен телефоснки број .... Работното место за кое тој бил заинтересиран а кое било огласено било работно место - заваручаавач. Оштетениот се јавил на телефоснкиот број ...кој бил наведен на огласот, и му се јавило лицето Петар кој рекол дека е директор на компанијата Метал Кокоп. Ми рекол дека мора да

уплати 1.990 денари за превод на документи, по што оштетениот на 07.08.2019 година уплатил 1990,00 денари , а наредниот ден лицето Петар почнал да му се јавува 2-3 пати. Тој првично кога ја платил оваа сума не пратил никакви документи на негово име, а лицето Петар ми се јавил и му побарал да уплати уште пари. Дури после неколку уплати на сметката на ДК, ова лице му побарало лични документи и тоа пасош во фотокопија, лична карта во фортокопија, му побарало да отварам сметка во комерцијална банка и тоа девизна, затоа што наводно наводно парите ќе стигале на таа девизна сметка од таму кај што ке работи. Му побарал да отвараи девезна сметка и на името на неговата сопруга, односно да и даде полномошно, бидејки тој не ке можел да доага постојано, а ке требало да и ги пракa парите на сопругата. Му била ветена првична плата од 1700 евра , а послем неколку јавувања и откако ги уплаќал сите суми кој што ги побарал од него, лицето Петар ми рекол дека се изборил за него платата да му биде 2300 евра. Почнал да му се јавува и да го прашува кој брооj на чевли носи, какво работно одело да му набават, капи да му набават, ХТЗ опрема , патики за до работа. Сите парични износи оштетениот гу уплаќал на име на ДК.

Кога оштетениот побарал средба со лицето Петар со кој разговарал истиот му реко дека нема потреба да се гледа со него и треба само да уплака пари, и му рекол ако не ги уплати тие пари да оди да работи во Р. Романија и нема да оди во Германија. Оштетениот дури одел и до Скопје за да земе авионски билет, а кога стиганал во Скопје му се јавил на Петар , а тој ми рекол: „Кој тебе ти рече да тргнуваш за Скопје?!“. Наводно на директорот од Р. Германија кој што требало да стигне тој ден за да им ги даде билетите во хотел „Акександар палас“ , не му бил добар авионот, и не дошол и се откажал летот. Оштетениот се јавил во во хотел „Акександар палас“ во Скопје за да провери дали воопто има такво нешто во организзација на фирмата „Метал Кокоп“, мегутоа од таму ми рекле дека такво нешто нема воопптшо организирано. Упорноста на обвинетиот и неговото остојано јавување на оштетениот со разговори на висок тон и барање на уплати го натерале оштетениот да се посомнева во се.

Оштетениот ДА беше категоричен во неговиот исказ, давајќи детален опис на дејствијата кои ги презел истиот откако обвинетиот ДК го довел во заблуда, дека за плата од 1.700 евра ќе го вработи како заварувач во Р.

Германија, при што истиот на штета на својот имот, започнала да уплаќа парични средства по барање на обвинетиот, на негова лична транскациска сметка која ја ималсо број 240327004385145 во Уни банка АД Скопје и на сметка во Комерцијална банка АД Скопје на трансакциска сметка број 300007099122740 а не на некакво правното лице, и како уплатите течеле – по неколку на ден, обвинетиот сакајќи да го одржи во заблуда ошетениот ДА лажно му прикажал нов факт – а тоа е дека успеал со газдите во Германија да и издејствува месечна плата од 2.300 евра. Сето ова оштетениот ДА , пред судот детално го опиша во својот исказ. Токму постојаното вртење од страна на обвинетиот на оштетениот, начинот на кој разговарл со него, високиот тон, како и „свеченото делење на авионски билети“ во хотел „Александар Палас“ во Скопје сето тоа биле низа на лажно прикажни факти што го натерале оштетениот да се посомнева.

Оштетениот во даденият исказ, детално ги опиша сите дејствија кои ги има преземено обвинетиот за да го доведе во заблуда, лажно прикажувајќи му ги фактите дека ќе го вработи во Германија, за плата од 1.700 евра, барајќи од него на штета на неговиот имот да почне со уплата на негова лична транскациска сметка, кај оштетениот се формирала заблуда и почнала со уплатите по негово барање, на износи кои тој ги барал, па во моменет кога оштетениот ќе се посомневал, обвинетиот лажно и прикажувал нов факт – дека успеал да и издејствува покачување на плата, да даде податоци за работно одело, за чевли, дека свечено ќе им се доделуваат авиобилети, и тоа во елитен хотел со пет sвездички на работници – заварувачи кои треба да работат во Р.Германија, а се со цел за да продолжи со уплатите.

Оштетениот беше категоричен во неговиотт исказ, наведувајќи дека во ниту еден момнет обвинетиот ниту се видел со него, ниту му дал или пратил било каков документ за да фактите кои лажно и ги прикажувал, околу неговото вработување во Р. Германија, со што на било кој начин би ги сторилсе вистинити и дека постојат, односно ќе може истите да се реализираат.

Дека обвинетиот ДК е сторител на инкриминирачките дејствија опишани во изреката на пресудата, се потврди и од материјалните докази кои го надополнија исказот на оштгениот Душко Ангелов .

Од вкупно 16 уплатници образец ПП10 на износ од 2500,00 денари од 08.08.2019 година, 2800,00 денари од 08.08.2019 годна, 2800,00 денари од

08.08.2019 година, 2910,00 денари од 09.08.2019 година, 2850,00 денари од 09.08.2019 година, 2750,00 денари од 09.08.2019 година, 3200,00 денари од 10.08.2019 година, 3300,00 денари од 10.08.2019 година, 3150,00 денари од 10.08.2019 година, 2700,00 денари од 10.08.2019 година, 2800,00 денари од 10.08.2019 година, 1990,00 денари од 07.08.2019 година, 2400,00 денари од 08.08.2019 година 2900,00 денари од 08.08.2019 година, 3100,00 денари од 09.08.2019 година, 3500,00 денари од 09.08.2019 година сите со назив и седиште на примач ДК, или вкупно уплатен износ од 45.650,00 денари, судот најде потврда дека оштетениот ги извршил уплатите на начин кој е опишан и во неговиот исказ, на штета на неговиот имот.

За утврдување на фактот како докажан дека парите оштетениот ги уплаќал, по барање на обвинетиот на лична транскациска сметка на негово име, се докажа од Известување бр.09-620-18845/1 од 10.04.2020 година на Комерцијална Банка АД Скопје со прилог Извод од тековна сметка од 14.04.2020 година на име ДК, Известување бр.Д1509/120-2/2020 од 08.04.2020 година на УНИ Банка АД Скопје со прилог извод на тековна сметка од 08.04.2020 година на име Даниел Корчев каде јасно се гледа дека сопственик на двете транскациски сметки е обвинетиот ДК и приливот на средствата во целост се совпаѓа со уплатите и износите кои оштетениот ги извршил на датите и висината на средствата поединечно назначени во уплатниците бразец ПП10.

Записник на примање на пријава бр.22.28.7.2-152 од 25.02.2020 година на МВР СВР Штип ПС Пробиштип е уште еден доказ каде оштетениот сосема идентично како и на самата главна расправа дава опис на на кривичноправбиоот настан и кој доказ судот го изведе како доказ, е уште еден доказ дека оштетениот ја зборува висината, дека судот со право поклони верба на неговиот исказ бидејќи сето ова дава поткрепа во материјалните докази и оштетениот детално ја опишува секоја уплата, и начинот на кој ја извршил, без притоа, со оглед на временската дистанца, да се доведе до соменвање постоење на ниту еден факт кој е релевантен за утврдување на суштествените елементи кои го чинат битието на ова кривично дело.

Самата комуникација од телефонските броеви и тоа: ...- кој обвинетиот го имал објавено на оглас со бројот на оштетениот : ... детално е забележана на материјалните докази: Известување бр.06-1001/2 од 07.04.2020 година на

Македонски Телеком со сопственички податоци за тел.број ..., како и од содржината на податоци во ЦД со ознака 06-1001/2 со листинг од појдовни и дојдовни повици и интернет сообракај помегу тел.бр.... и тел.бр.... од реден број 44 до реден бр.250 во табеларен приказ и ЦД со ознака А1 со листинг од појдовни и дојдвони повици со тел.бр.... кон телефонски број ... за временски период од 07.08.2019 година и 10.08.2019 година.

Имено Извештаите за појдовните и дојдовните повици во целост се надовзуваат со извршените уплати, како и исказот на оштетениот кога истите се одвивале и кога обвинетиот „инсистирал“ на уплатите. Така да може да се види – притисокот кој обвинетиот го вршел на оштетениот постојано јавувајќи му се и барајќи да ги изврува уплатите.

Судот согласно на чл.250 од ЗКП во присиство на стручно лице – инфрматичар Васил Јанков вработен во Основен суд Штип изврши репродукција на содржината на аудио снимка од ЦД од увид бр.030/2020 каде детално, почнувајќи од 11.08.2019 година се забележани разговорите помеѓу обвинетиот и оштетениот. Имено недвојбено беше дека лицето Петар по глас е обвинетиот ДК, по начинот на разговорот, по бојата на гласот, по дикцијата, кое нешто обвинетиот во ниеден моменет не го оспори – дека гласот не е негов, дека не е од повикувачкиот број ... – на обвинетиот, и не ја негираше содржината на снимките односно не ја негираше автентичноста на содржината на разговорот, туку се повика на тоа дека истите се прибавени на незаконит начин – без наредба на Јавен обвинител, а кој приговор судот го одби, повикувајќи се на ставот на Венецијанската комисија и Европскиот суд за човекови права во Стразбур (случај: Schenk v. Szitwerland, appl.no.100862/84) каде јасно е наведено дека доколку станува збор за заштита на јавен интерес, снимки направени без наредба на Јавен обвинител може да имаат доказна вредност во постапка доколку снимките се автентични и доколку станува збор за заштита на јавен интерес. Автентичноста на снимките не ја спореше обвинетиот. Од тука видно од личноста на обвинетиот прикажана низ неговата казнена евиденција и склоноста кон извршување на кривични дела „Измама“ од чл.247 од КЗ, повеќе од јасно е дека во конкретниот случај целосно е засегнат јавниот интерес – бидејќи како оштетени се јавуваат граѓани од територија на цела Р.С.Македонија, и постапувале повеќе судови од Р.С.Македонија во постапки за ова кривично дело против ист обвинет- ДК, па поединечениот

интерес го подига на ниво на јавен интерес. Односно, заштита на личните права на обвинетиот се во втор план во конкретниот случај наспрем заштитата на правата на жртвата и на јавниот интерес па судот ги зеде во предвид сите овие околности кога дозволи да биде изведен овој доказ.

Судот токму од овие аудио записи од кои ке цитирам само неколку од 11.08.2019 година – 3 повици, на 12.08.2019 година каде се забележани повеќе разговори и тоа - 8 повици и на 13.08.2019 година – 2 повика, на 14.08.2019 година – 1 повик, на 15.08.2019 година – 1 повик, на 16.08.2019 година – 2 повика и заклучно со 21.08.2019 година еден повик, ја утврди упорноста, и безкрупулозноста на обвинетиот кога оштетениот му вели дека не може да уплати бидејќи мајка му е во болница, но обвинетиот инсистира, на висок и нервозен тон, дека мора да уплати ако сака да оди на работа, дека нема потреба да седи до мајка му во болница кога не е лекар, дека ке му го поништи билетот и сл.

Содржината на сниимките се надополнува во целост со останатите изведени материјални докази, надополнувајќи ги во целост, посебно начинот на кој се барани уплатите и однесување на обвинетиот кога престанал оштетниот да уплаќа пари на лична сметка на обвинетиот и тонот и висината на гласот, дикцијата и нервозноста на обвинетиот бидејќи уплатите не течат како што тој побарал.

Дека обвинетиот го довел во заблуда оштетениот, свесно наведувајќи го, со лажно прикажување на факти да стори штетни дејствија на својот имот, иако знаел дека фактите кои и ги прикажува и негово тргнување на работа во Р. Германија се лажни и дека тој не е во можжност на оштетениот да му обезбеди работа во Р. Германија и дека кај обвинетиот постои свест дека оштетениот ДА е измамен се гледа од дејствијата кои ги презел, а тоа е дека обвинетиот дал лажни податоци за себе, прикривајќи го својот идентитет, преставувајќи се како лице Петар, дека паричните средства биле уплаќани на негова сметка, а не на сметка на правно лице – ДПТУ Тотал Груп ДООЕЛ, за кое обвинетиот достави доказ и тоа дека е избришан од Трговскиот регистар и регистар на други правни лица а чиј основач и управител бил обвинетиот ДК кој доказ на судот не влијаеше за одбрана на обвинетиот да биде веродостојна, односно за наводите на одбраната дека станува збор за облигационен однос кој се одвивал преку правното лице, со оглед да не беше доставен ниту еден пишан

акт или пак друг докумнет дека правното лице било регистрирано и поседувало со вработување во странство, ниту пак се појави било каков сведок дека отишол на работа во странство преку ова право лице или пак беше посочен некој вработен во ова правно лице , секако врз основа на материјален доказ дека ова правно лице било вупуштено во некаков облигационен однос.

Умислата на обвинетиот дека во неговите дејствија се соодржани одбележоци на наведеното кривично дело се докажа од тоа што обвинетиот, иако бранејќи се дека има основано правно лице – Тотал Груп, кое било регистрирано за посредување на работа во странство, не приложи никаков доказ, во смисол да правното лице склучило Договор со оштетениот за било каква услуга за тоа да паричните средства наводно „за услуги“ за посредување трбало да бидат уплатени на транскациска сметка на ова правно лице, како во секој облигационен однос. Упорноста на обвинетиот, и неговиот притисок за уплаќање на паричните срдства во куси временски интервали, укажува на свеста на обвинетиот дека овие лажно прикажани факти треба да се искористат во најитен рок, се додека кај оштетениот постои заблуда и го одржува во заблуда дека истите се вистинити, а обвинетиот немал намера оштетениот да го прати на работа во Р. Германија – не му доставил никаков писмен докумнет, не се видел со него – туку напротив на обвинетиот му се сметало како грешка што дошол во Скопје сакајќи да се види со директорот на фирмата од Р.Гермнија. Од тука произлегува дека вистинска намера на обвинетиот е да оштетениот ги изврши бараните уплати во што повеќе наврати и погоголема сума на пари.

Од тука, при утврдување на фактичката состојба, предмет на оценка на судот беше и одбраната на обвинетиот која се состоеше во негирање на инкриминираните дејствија кои му се ставаат на товар и како такви судот не ги прифати бидејќи не наоѓаат поткрепа во останатите изведени докази. Имено, обвинетиот сао кртко даде исказ дека не го познава оштетениот и не го видел воопшто во животот, не доставувајќи до судот никаков ниту материјален ниту вербален доказ со кој би ја поткрепил својата одбрана и би сторил веројатно постоење на облигационен однос. Обвинетиот, престствувајќи се како сопствнк на правното лице Тотал груп, не посочи име на некој вработен, не достави доказ - писмена докумнетација од ниедно преземено дејствие – Договор или било што од име на правото лице со било кое лице. Не приложи никаков доказ

за некаква трансакциска сметка на правно лице и доколку имал намера да посредува при работа, преку правното лице кое го регистрирал, во периодот од 2019 година ако навистинал презел некква активност во име на ова право лице паричнитте средства ќе биле уплаќани на транскациска сметка на правото лице, а не на негова лична транскациска сметка.Сето ова допринесе судот на одбрана на обвинетиот да не и поклони верба со оглед да истата е насочена да се избегне кривичната одговорност и казната која е пропишана за стореното.

Од вака утврдената фактичка состојба, судот смета дека во дејствијата на обвинетиот ДК опишани во изреката на пресудата се содржани сите битни елементи на продолжено кривично дело „Измама“ од чл.247 ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ, поради што судот обвинетиот го огласи а виновен за ова кривично дело и му изрече казна како во изреката на пресудата.

При изборот на видот и одмерувањето на висината на казната, судот ги ценеше за обвинетите како олеснувачките така и отежнувачките околности во смисла на чл.39 од КЗ.

Од олеснувачките околности за обвинетиот судот го ценеше тоа што истиот е млада личност, дека во конкретниот случај истиот коректно се однесуваше во текот на кривичната постапка.

Од отежнувачките околности судот ја ценеше кривичната одговорност на обвинетиот, настанатата штета, општествената опасност од извршување на ваков вид на кривични дела и зачестеноста од извршување на истите, тежината на кривичното дело која се огледа преку пропишаната казна за истото, а посебно личноста на обвинетиот кој досега е осудуван со ефективна казна затвор за ваков вид на кривични дела и тоа во повеќе судови низ Р.С.Македонија, што дава профил на личност на обвинетиот дека истиот е склон кон извршување на ваков вид на кривични дела, со дејствија кои имаат психолошки ефект врз жртвите, искористувајќи ја нивната економска состојба и желба за солидна заработувачка, а со тоа девалвирајќи ги целосно - и како личности, како и од материјална гледна точка. Токму ваквата особина на обвинетиот истиот го прави софистицирана, но опасна личност која владее со психологијата на луѓето, искористувајќи ја нивната економска состојба.

Давајќи оцена на олеснувачките и на отежнувачките околности, судот смета дека со изречената казна затвор, со оглед да му биле изречени и

условни осуди и парични казни во голби, но обвинетиот и понатаму се јавува како извршител на исти вид на кривични дела, во траење од 3(три) години на обвинетиот ДК, а за стореното кривично дело за кое обвинетиот е огласен за виновен, ќе се оствари правдата и ќе се постигне целта на казнувањето во смисла на тоа обвинетиот повеќе да не врши кривично дело и да се превоспита, а изречената казна воспитно ќе влијае и врз другите да не вршат кривични дела.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, следуваше судот да го задолжи обвинетиот Даниел Корчев од Неготино да плати на име паушал сума во износ од 5.000,оо денари, во полза на Основен суд Штип на ж.с-ка 290100096563117 со приходна шифра и програма – 724132 20, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а кој износ е утврден врз основа на времетраењето на постапката, сложеноста на истата и материјалната состојба на обвинетиот.

Согласно чл.114 ст.1 и 2 од ЗКП, следуваше судот оштетениот ДА од Пробиштио, за остварување на имотноправно побарање, да го упати на спор.

ОСНОВЕН СУД ШТИП, К.бр.404/20 од 17.05.2021 година

Записничар, С у д и ј а

Даниела Коцева Пунова, с.р. Невена Перица, с.р.

ПОУКА: Против оваа пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 8(осум) дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

Анализа на пресуда

Во пресудата што ја имаме за анализа имаме обвинет кој е огласен за виновен за кривично дело ,,Измама" по чл.247 ст.1 в.в со чл.45 од КЗ за кое по одржана главна, јавна и усна расправа а обвинетиот е огласен за виновен за кривичното дело кое му се става на товар со изречена казна затвор во траење од 3 години. Во текот на кривичната постапка пред судот се изведени сите материјални докази кои се предложени од страна на ОЈО Штип а исто така е сослушан и оштетениот во својство на сведок. Обвинетиот е сослушан во својство на сведок додека одбраната не поднела материјални докази со кои би ги поткрепила наводите изнесени од страна на обвинетиот.

Судот при утврдување на фактичката состојба извршил целосна и сеопфатна, комперативна анализа на сите изведени докази и од истите утврди дека надвор од секакво разумно сомнение се докажува делото и вината на обвинетиот за предметното кривично дело. Од исказот на оштетениот се утврдија инкриминирачките дејствија кои се превземени од страна на обвинетиот за кое го довел во заблуда оштетениот дека ќе му биде обезбедена работа во Р.Германија на работно место заварувач за кое во неколку наврати извршил уплата на парични средства на име на обвинетиот во вкупен износ од 45.650 денари за кое обвинетиот за себе прибавил против правна имотна корист, а за истиот износ го оштететил оштетениот.

Оштетениот во даденият исказ, детално ги опишал сите дејствија кои ги има превземано обвинетиот за да го доведе до заблуда, лажно прикажувајќи му ги фактите дека ќе го вработи во Германија, за плата од 1700 евра, бараќи од него на штета на неговиот имор да почне уплата на неговата лична трансакциска сметка, кај оштетениот се формирала заблуда и започал со уплатите на износи на кои ги побарал обвинетиот, па во момент кога оштетениот ќе се посомневал обвинетиот лажно прикажувал нов факт-дека успеал да и издејствува покачување на плата, да де податоци за работно одело, за чевли, дека свечено ќе им се доделуваат авиобилети, и тоа елитен хотел со пет ѕвездички на работници-заварувачи кои треба да работат во Република Германија, а се со цел да продолжи со уплатите.

Судот правилно му поклонил верба на исказот на обвинетиот бидејќи во корелација на материјалните докази се утврдува дека обвинетиот е сторител на инскриминирачките дејствија опишани во изреката на пресудата.

Од вкупно 16 уплатници се потврда дека оштетениот ги извршил уплатите на паричните средства а во увидот во транскациските сметки на име на обвинетиот се совпаѓа со уплатите и износот на кои оштетениот ги извршил на датумите и висината на средствата секоја поединечно.

Воедно и од останатите материјални докази како што се телефонската комуникација помеѓу обвинетиот и оштетениот, содржината на снимките се надополнува во целост со останатите изведени материјални докази, надополнувајќи ги во целост, посебно начинот на кој се барани уплатите и однесувањето на обвинетиот кога престанал оштетениот да уплаќа пари на личната сметка на обвинетиот.

Од анализа на сите докази судот правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно утврдил дека во дејствијата кој се превземени од страна на обвинетиот се содржани сите битни елементи на продолжено кривично дело ,,Измама" по чл.247 ст.1 в.в со чл.45 од КЗ, поради кое обвинетиот судот го огласил за виновен и му изрекол казна согласно законски утврдени граници.

Судот исто така го задолжил обвинетиот да плати соодветно судски паушал во зависност од должината на кривичната постапка а и воедно од материјалната состојба на обвинетиот, а додека оштетениот за остварување на имотно-право остварување се упатува на граѓански спор.

Заклучок

Целта за пишувањето и истражувањето на оваа дипломска работа ми претставува поимот и дефинирањето на доказите и видовите докази согласно Законот за кривична постапка од 2010 година. Водењето на сеопфатна истражна постапка при собирањето на доказите ни претставува предуслов за донесеување на правилна и законита судска одлука. Пред донесувањето на ЗКП од 2010 година , истражната постапка ја водеше истражниот судија. Но со донесувањето на ЗКП од 2010 година истражната постапка ја води јавниот обвинител и претставува собирање на докази заради донесување на одлука дали јавниот обвинител ќе покрене обвинение, а воедно на главната расправа од доказите од обвинителството и одбраната судот утврдува дали постои вина на страна на обвинетиот и притоа одредува соодветна кривична санкција. Истражната постапка ни претставува битен стадиум во кривичната постапка бидејќи во истрагата покрај собирањето на доказниот материјал, јавниот обвинител може и да се спогоди со осомничените лица и предлог спогодбата да ја достави до судијата на претходна постапка за нејзино потврдување. Една од главните новитети при донесувањето на ЗКП од 2010 година ни претставува тоа што доказите кој се собрани во истражната постапка за прв пат се изведуваат на главна расправа бидејќи доказите сега ги собира јавниот обвинител а не истражниот судија, и со заклучување на истрагата одбраната има увид во доказниот материјал кој е собран во текот на истрагата. При собирање на доказниот материјал согласно доказните дејствија кој му стојат на располагање на јавниот обвинител се одлучува против кого ќе се покрене обвинение , кој лица ќе бидат сведоци а за кого постапката ќе се прекине или запре. При поведувањето на истражната постапка јавниот обвинител мора да се раководи согласно начелото на легалитет и секогаш доколку постојат докази дека е сторено кривично дело да покрене постапка доколку кривичното дело се гони по службена положба. Во текот на главната расправа странките може да ги предлагаат доказите само оние за кои е запознаена и спротивната странка за тој доказ. Во спротивно доколку некој доказ е прибавен на незаконит начин утврден согласно ЗКП, судот по приговор на спротивната страна ќе го одбие тој доказ и истиот нема да се изведе како таков на главната расправа.

Користена литература

- Albrecht Hans-Jörg, Criminal Prosecution: Developments, Trends and Open Questions in the Federal Republic of Germany, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3, 2000
- Bantekas, I., Nash, S.(2003): Internacional criminal law – 2 nd edition, Cavendish Publishing Limited, Great Britain
- Boyse Roland, Dripps Donald, Perkins Rollin, Criminal Law and Procedure, Cases and Materials, 9-th Edition, Foundation Press, New York, 2004
- Cirese, V, Bertucci, V, The New Italian Criminal Procedure for Foreign Jurists, 2-nd edition, 1993
- Elliot Catherine, French Criminal Law, Willan Publishing, Devon, UK, 2001
- Fisher George, Plea bargaining's triumph: a history of plea bargaining in America, Stanford University Press, 2003
- Juy-Birmann Rodolphe, The German System, in European Criminal Procedures, Ed. by, Delmas-Marty, Mirreille and Spencer, J. R., Cambridge University Press, 2002
- Krstulovic Antonija, Nagodbe stranaka u suvremenovm kaznenom postupku, Kaznenoprvno-kriminalisticka biblioteka "Vladimir Bayer", HUKZP, MUP Hrvatske, Zagreb, 2007
- Loewy Arnold H., Criminal Procedure, Cases, Materials and Questions, Anderson Publishing Co. Cincinnati, Ohio
- Marcus Stone, Cross-examination in Criminal Trials, Tottel Publishing, 2009,
- Saltzburg, Stephen A. & Capra, Daniel J. American Criminal Procedure, West Group, St, Paul, Minn., 2000
- Schabas, W. (2004): An Introduction to the International Criminal Court, Cambridge University Press, Cambridge University Press, New York
- Schabas, W. (2004): An Introduction to the International Criminal Court, Cambridge University Press, Cambridge University Press, New York,
- Siegismund, E. (2008): The Public Prosecution Office In Germany: Legal Status, Functions And Organization, 120th International Senior Seminar Visiting Experts' Papers,

- Tulkens, Francoise, Negotiated Justice, in European Criminal Procedures, Ed. by, Delmas-Marty, Mirreille and Spencer, J. R., Cambridge University Press, 2002
- Академија на судии и јавни обвинители, Прирачник за Истражна постапка, Скопје 2013.
- Акционен план за имплементација на Законот за кривичната постапка, Скопје, јуни 2009 година
- Антигона Аљиљи, Товарот и стандардите на докажувањето според новиот ЗКП,Скопје,Октомври 2016,
- Асистент м-р Марјан Габеров, Феноменологија на криминалитетот на насилството, Август 2014 година,
- Бобан Величковиќ,Заштитениот сведок во македонското казнено право и критичка анализа на Законот за заштита на сведоци, Октомври 2016,
- Бојлке, В.(2009): Закон за кривична постапка, Датапонс, Скопје,
- Бужаровска, Г., Карнавас, М., Ре, Д. (2010)„ Спогодување за вина – прирачник за практичари, OSCE,Скопје, стр.15-95;
- Бужаровска, Г., Нанев, Л., Мисоски, Б. (2008): Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка, МРКК, бр. 1/2008,
- Бужаровска-Лажетиќ Гордана, Начини за забрзување на казнената постапка во европските законодавства, Зборник на Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје
- Бужароска Г., Ре Д., Карнасас М., (2010): Истражни дејствија : прирачник за практичари, Скопје,
- Витларов Т. (1999), Јавното обвинтиелство во правниот систем на Македонија, 2ри Август С, Штип
- Витларов Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
- Водач за член 6 од Европската конвенција за човекови права, Право на правична судска постапка (кривичен аспект),
- Вонреден.Проф.Д-р Тодор Витларов, Казнено право-Посебен дел со практични примери,Авторизирани предавања, Штип 2013 година,

- Г. КАЛАЈЏИЕВ /Т. СТОЈАНОВСКИ, Критички осврт кон Законот за полиција, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006, 13-28; Г. КАЛАЈЏИЕВ, Какви полициски овластувања за Царинската управа, МРКПК, бр.1, 2006,
- Гордан Калајџиев,Гордана Лажетиќ,Лидија Неделкова,Маја Денковска,Мери Тромбева, Тодор Витларов, Павлина Јанкуловска, Дењо Кадиев,Коментар на законот за Законот за кривична постапка, Ноември 2018 година,
- Ѓуркова, О.(2010): Казнена постапка за коруптивни кривични дела во Римското право, Алфа 94 Скопје, Скопје,
- Закон за Јавно обвинителство (Сл.Весник на РМ, бр. 150/07 и 111/08).
- Закон за кривична постапка (Сл.Весник на РМ бр.15/97, 44/2002/ 74/2004. 83/2008 и 67/2009).
- Закон за прекршоци,Службен весник на РМ“ бр.62 (2006) Скопје
- КАЛАЈЏИЕВ Г. и др., Новите односи меѓу полицијата, јавното обвинителство и судот во претходната постапка, МРКПК, бр. 1, 2008 и Г. 132 КАЛАЈЏИЕВ и др., Преуредување на претходната постапка во Република Македонија, МРКПК, бр. 2/3, 2008, 79-120
- Калајџиев Г. Матовски Н.,Бужаровска Г. (2011) : Кривично процесно право, Скопје.
- Калајџиев/Раичевиќ-Вучкова/Димитровски/Витанов/Трајановска, Преуредување на главниот претрес во Република Македонија,
- Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., (2011) “Кривично процесно право” (Второ изменето и дополнително издание), Скопје,
- Нанев Л.,(2013) Практикум по предметот Казнено процесно право,УГД, Штип,
- Поповска Б. (2006) За природата на правосудната функција, - Настанување на правосудните функции во општеството (Зборник ПФ Скопје) Правен факултет, Скопје
- Правосуден систем на СФРЈ (стр. 3-53) Стефан Георгиевски, Паната Марина, Никола Матовски Култура, Скопје 1989
- Прирачник за практичари, Истражни дејствија Модул 2, OSCE, декември 2010 година.

- Прирачник за практичари, Докази и приговори: Домашни и меѓународни стандарди, Скопје 2016,
- Проф Гордана Бужаровска – Лажетиќ, проф. Лазар Нанев, проф. Олга Кошевалиска, Слободното судско уверување и индивидуализацијата на санкциите во светлината на законските решенија за воедначување на казнената политика
- Проф. д-р Гордана Лажетиќ – Бужаровска, Новоедначената казнена политика и нејзиното влијание врз спогодувањето за кривичната санкција, според Законот за кривична постапка
- Проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Лажетиќ – Бужаровска - Парадоксот на македонското законодавство
- Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година.
- Судска пракса на Европскиот суд за човекови права во однос на Македонија до крајот на 2015 – AIRE Центарот во соработка со Владиниот агент и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, 2016
- Тајд Брашер Лидија, Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: Кон поеднообразен систем, декември 2012
- Упатства за одредување на видот и висината на казната, јули 2013
- Устав на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.52 од 22.11.1991 година).
- https://akademik.mk/ednakvost-na-oruzhjata-i-ramnopravnost-na-stranite-vo-postapkite-se-kluchni-printsipi-za-pravichnoto-sudene/, 30.05.2017 година
- https://polis.osce.org/library/f/4100/3822/OSCE-MKD-TRN-4100-MK-3822
- https://scholar.ugd.edu.mk/tvitlarov/files/novata_uloga_na_javniot_obvinitel_vo_kaznenata_postapka.doc
- https://www.osce.org/mission-to-skopje/78151